# СЛУЖ

НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА Ф

Službeni vesnik Makedonije 91001 Skopje fah 51

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словенечки, македонски, албански и унгарски јазик. — Огласи според тарифата — Жиро сметка кај Службата на општественото книговодство 60802-603-19644

Петок, 2

БЕЛГРАД

БРОЈ 13 ГОД. XXXIX

... на овој број е 40 дин. — Аконтацијa на претплатата за 1983 година изнесува 1.140 динари. Рок за рекламации 15 дена. — Редакција: Улица Јована Ристиќа број 1. Пошт. фах 226. — Телефони: Централа 650-155; Уредништво 651-885; Служба за претплата 651-732; Телекс 11756


**176.**

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

## УКАЗ

## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РЕШАВАЊЕ НА СУДИРИТЕ НА ЗАКОНИТЕ И СУДИРИТЕ НА НАДЛЕЖНОСТИТЕ ВО ИЗВРШУВАЊЕТО НА КАЗНЕНИТЕ САНКЦИИ

Се прогласува Законот за решавање на судирите на законите и судирите на надлежностите во извршувањето на казнените санкции, што го усвои Собранието на СФРЈ, на седницата на Сојузниот собор од 23 март 1983 година.

П бр. 269
23 март 1983 година
Белград

Претседател
на Претседателството на
СФРЈ,
**Петар Стамболиќ**, с. р.

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
**Раиф Диздаревиќ**, с. р.

## ЗАКОН

## ЗА РЕШАВАЊЕ НА СУДИРИТЕ НА ЗАКОНИТЕ И СУДИРИТЕ НА НАДЛЕЖНОСТИТЕ ВО ИЗВРШУВАЊЕТО НА КАЗНЕНИТЕ САНКЦИИ

Член 1

Со овој закон се уредуваат правилата за решавање на судирите на републичкиот односно покраинскиот закон со законите на други републики односно автономни покраини во областа на извршувањето на казнените санкции и за решавање на судирите на надлежностите меѓу републичките односно пкраинските органи од териториите на различни републики во извршувањето на казнените санкции.

Со овој закон се уредуваат и правила за меродавното право кога со прописите на Социјалистичка Федеративна Република Југославија или со меѓународен договор што го ратификувале Собранието на СФРЈ или Сојузниот извршен совет е предвидено дека за извршувањето на кривичните санкции изречени во странска држава е меродавно правото на Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

Член 2

Ако дојде до судир на законите за извршувањето на кривичните санкции на една република односно автономна покраина со законите за извршувањето на кривичните санкции на други републики односно автономни покраини, меродавен е законот на републиката односно на автономната покраина во која лицето спрема кое е изречена кривичната санкција (во натамошниот текст: осуденото лице) има живеалиште односно престојувалиште, без оглед на тоа дали тој закон определува дека санкциите ќе се извршат според законот кој важи на територијата на републиката односно на автономната покраина, во која се наоѓа судот што ја изрекол санкцијата, ако со овој закон не е поинаку определено.

Член 3

Ако дојде до судир на републички односно покраински закон со законите на други републики односно автономни покраини во извршувањето на казната затвор, малолетнички затвор, условна осуда со заштитен надзор, воспитна мерка или мерка на безбедност, освен мерката на безбедност одземање на предмети, поради тоа што на лицето кое има живеалиште во една република односно автономна покраина овие санкции му ги изрекол судот во друга република односно автономна покраина, тие санкции ќе се извршат во републиката односно во автономната покраина во која се наоѓа живеалиштето на осуденото лице во времето кога одлуката со која е изречена санкцијата станала правосилна.

Ако осуденото лице нема живеалиште или неговото живеалиште не може да се утврди, санкциите од став 1 на овој член ќе се извршат во републиката односно во автономната покраина во која се наоѓа неговото престојувалиште во времето кога одлуката со која е изречена санкцијата станала правосилна.

Ако осуденото лице нема ни живеалиште ни престојувалиште во Социјалистичка Федеративна Република Југославија или неговото живеалиште или престојувалиште не може да се утврди, санкциите од став 1 на овој член ќе се извршат во републиката односно во автономната покраина во која се наоѓа судот што ја изрекол казната односно мерката во прв степен.

Член 4

Ако дојде до судир на републички односно покраински закон со законите на други републики односно автономни покраини во врска со извршувањето на казната затвор до три месеци или остатокот на казната кој по правосилноста на пресудата не надминува три месеци, а осуденото лице во времето на нејзината правосилност се наоѓа во притвор или е во прашање лице кое е лишено од слобода според потерница, а е осудено на казната затвор до три месеци, казната односно остатокот на казната ќе се изврши во републиката односно во автономната покраина во која осуденото лице се наоѓа во притвор односно во која е лишено од слобода.

Член 5

Ако дојде до судир на републички односно покраински закон со законите на други републики односно автономни покраини во поглед на трошоците за упатување или спроведување на издржување на казната затвор, малолетнички затвор, мерка на безбедност или воспитна мерка, меродавен е законот на републиката односно во автономната покраина во која казната или мерка се извршува.

Член 6

Ако дојде до судир на републички односно покраински закон со законите на други републики односно автономни покраини околу извршувањето на парична казна како главна казна, меродавен е законот на републиката односно на автономната покраина чијшто орган ја донел одлуката за паричната казна, ако со друг сојузен закон не е поинаку определено.

Ако дојде до судир на републички односно покраински закон со законите на други републики односно автономни покраини околу извршувањето на парична казна како споредна казна, меродавен е законот на републиката односно на автономната покраина во која се извршува главната казна.

Ако дојде до судир на републички односно покраински закон со законите на други републики односно автономни покраини околу присилното извршување на парична казна, меродавен е законот на републиката односно на автономната покраина каде што се наоѓа имотот односно делот од имотот од кој ќе се изврши присилна наплата на паричната казна.

Член 7

Ако дојде до судир на републички односно покраински закон со законите на други републики односно автономни покраини околу извршувањето на казната конфискација на имот, меродавен е законот на републиката односно на автономната покраина каде што се наоѓа конфискуваниот имот.

Член 8

Ако дојде до судир на републички односно покраински закон со законите на други републики односно автономни покраини околу извршување на мерката на безбедност одземање на предмети, кога предметот е подвижен, меродавен е законот на републиката односно на автономната покраина чијшто суд ја изрекол оваа мерка, а кога предметот е недвижен, меродавен е законот на републиката односно на автономната покраина каде што се наоѓа недвижноста.

Член 9

Ако прописите на Социјалистичка Федеративна Република Југославија или меѓународниот договор што го ратификувале Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија или Сојузниот извршен совет за извршувањето на кривичните санкции изречени во странска држава упатуваат на тоа дека ќе се примени правото на Социјалистичка Федеративна Република Југославија меродавен е законот на републиката односно на автономната покраина во која се наоѓа живеалиштето на осуденото лице.

Ако осуденото лице нема живеалиште на територијата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, меродавен е законот на републиката односно на автономната покраина во која се наоѓа неговото последно живеалиште.

Ако осуденото лице немало живеалиште на територијата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, меродавен е законот на републиката чијшто е државјанин тоа лице.

Член 10

Ако дојде до судир на надлежностите помеѓу републичките односно покраинските органи од териториите на различни републики што постапуваат во извршувањето на кривичните санкции, надлежен е органот предвиден со прописот на онаа република односно автономна покраина во која, според одредбите на овој закон, таа санкција треба да се изврши.

Член 11

Ако дојде до судир на закони или до судир на надлежностите во случаите на извршување санкции за стопански престапи или прекршоци, сходно ќе се применуваат одредбите на овој закон, ако со друг сојузен закон не е поинаку пропишано.

Член 12

Одредбите на член 1 став 1, чл. 2 до 8 и чл. 10 до 11 од овој закон не се однесуваат на решавањето на судирите на законите на Социјалистичка Република Србија и покраинскиот закон и на судирите на надлежностите помеѓу органи од територијата на Социјалистичка Република Србија надвор од териториите на автономните покраини и органи од териториите на покраините.

Член 13

Овој закон влегува во сила 30 дена од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

---

## 177.

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА ЛИЧНИТЕ ДОХОДИ НА ФУНКЦИОНЕРИТЕ ШТО ГИ ИЗБИРА ИЛИ ИМЕНУВА СОБРАНИЕТО НА СФРЈ И ЗА НАДОМЕСТИТЕ НА ЛИЧНИТЕ ДОХОДИ НА ДЕЛЕГАТИТЕ ВО СОБРАНИЕТО НА СФРЈ

Се прогласува Законот за измени и дополненија на Законот за личните доходи на функционерите што ги избира или именува Собранието на СФРЈ и за надоместите на личните доходи на делегатите во Собранието на СФРЈ, што го усвои Собранието на СФРЈ, на седницата на Сојузниот собор од 23 март 1983 година.

П бр. 270
23 март 1983 година
Белград

Претседател
на Претседателството на
СФРЈ,
**Петар Стамболиќ,** с. р.

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
**Раиф Дизаревиќ,** с. р.

# ЗАКОН

## ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА ЛИЧНИТЕ ДОХОДИ НА ФУНКЦИОНЕРИТЕ ШТО ГИ ИЗБИРА ИЛИ ИМЕНУВА СОБРАНИЕТО НА СФРЈ И ЗА НАДОМЕСТИТЕ НА ЛИЧНИТЕ ДОХОДИ НА ДЕЛЕГАТИТЕ ВО СОБРАНИЕТО НА СФРЈ

Член 1

Во Законот за личните доходи на функцинерите што ги избира или именува Собранието на СФРЈ и за надоместите на личните доходи на делегатите во Собранието на СФРЈ („Службен лист на СФРЈ", бр. 30/75, 16/77 и 62/79), член 3 се брише.

Член 2

По член 5а се додава нов член 5б, кој гласи:

„Член 5б

Функционерот во Собранието на СФРЈ избран од редот на делегатите на определена функција за определено време надоместот на личниот доход во постојан месечен износ остварува според основите и мерилата со кои на делегатите во Собранието на СФРЈ им се утврдува надоместот на личниот доход во постојан месечен износ што го оствариле пред изборот за делегати во Собранието на СФРЈ, усогласен за изминатиот период.

На функционерот од став 1 на овој член надоместот на личниот доход за време на вршењето на функцијата му се зголемува во определен износ што за определена функција ќе го утврди со свој акт Административната комисија на Собранието на СФРЈ.

Износот на надоместот на личниот доход со зголемувањето за вршењето на функцијата од став 2 на овој член не може да биде поголем од износот на личниот доход определен за највисоката функција во федерацијата.

Зголемувањето на надоместот на личниот доход во смисла на став 2 од овој член се усогласува едновремено и во еднаков процент како и надоместот на личниот доход во постојан месечен износ што делегатите го остваруваат во Собранието на СФРЈ.

Член 3

Член 8 се менува и гласи:

Административната комисија на Собранието на СФРЈ, со свој акт ги определува функциите што постојано се вршат во Собранието на СФРЈ, чии носители имаат право на зголемување на надоместот на личниот доход во постојан месечен износ за вршење на функцијата во смисла на член 5б од овој закон и на другите примања утврдени со овој закон."

Член 4

По член 8 се додава нов член 8а, кој гласи:

„Член 8а

На претседателот, на потпретседателот и на членот на Сојузниот извршен совет, на сојузниот секретар и на претседателот на сојузниот комитет, Административната комисија на Собранието на СФРЈ може со свој акт да им утврди зголемување на личниот доход, определен според соодветниот коефициент, за определен износ.

Износот на зголемувањето од став 1 на овој член не може да биде поголем од износот од член 5б за соодветната функција, а личниот доход заедно со зголемувањето не може да биде поголем од личниот доход определен за највисоката функција во федерацијата."

Член 5

Член 18 се менува и гласи:

„Месечен надомест на трошоците во паушален износ за вршење на функцијата им припаѓа на делегатите во Собранието на СФРЈ во височина од три до пет дневници."

Член 6

Со влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Одлуката за начинот на утврдување на личните доходи на функционерите во Собранието на СФРЈ што ги избира Собранието на СФРЈ од редот на делегатите („Службен лист на СФРЈ", бр. 42/82).

Член 7

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

---

**178.**

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

# УКАЗ

## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСТАПКАТА ЗА УПИС ВО СУДСКИОТ РЕГИСТАР

Се прогласува Законот за постапката за упис во судскиот регистар, што го усвои Собранието на СФРЈ, на седницата на Сојузниот собор од 23 март 1983 година.

П бр. 271
23 март 1983 година
Белград

Претседател
на Претседателството
на СФРЈ,
**Петар Стамболиќ,** с. р.

Претседател
На Собранието на СФРЈ,
**Раиф Диздаревиќ,** с. р.

# ЗАКОН

## ЗА ПОСТАПКАТА ЗА УПИС ВО СУДСКИОТ РЕГИСТАР

Дел први

ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредуваат правилата на постапката врз основа на кои судот, определен со републички односно со покраински закон, постапува и одлучува за уписот на организациите на здружен труд и на други определени субјекти во судскиот регистар.

Член 2

Во судскиот регистар се запишуваат организациите на здружен труд и другите правни лица чијшто упис е определен со закон (во натамошниот текст: субјекти на уписот).

Во судскиот регистар се запишуваат, односно евидентираат и делови на организациите на здружен труд или на други правни лица, во случаите определени со закон.

Член 3

Судскиот регистар е јавна книга.

Податоците, запишани во судскиот регистар се јавни и секој може да ги разгледува, да ги препишува

и да бара да му се издаде заверен извод од судскиот регистар.

Судскиот регистар се води на единствен начин. определен со сојузен пропис.

Член 4

Постапка за упис во судскиот регистар се поведува со писмена пријава на овластеното лице, која содржи определено барање.

Постапка за упис во судскиот регистар се поведува по службена должност или по барање на друг надлежен орган во случаите утврдени со овој или со друг закон.

Член 5

Судот е должен да изврши упис во судскиот регистар ако пријавата со пропишаната содржина ја поднело овластеното лице, ако кон пријавата се приложени определени исправи со пропишаната содржина, со кои се докажуваат фактите што се од значење за уписот во судскиот регистар и ако барањето за упис е во согласност со законот.

Регистарскиот суд е должен да оцени дали за упис постојат пропишаните услови.

Член 6

Кога одлуката на судот за уписот зависи од постоењето или непостоењето на определени факти за кои одлучува друг орган, односно организација овластена со закон, судот ќе го определи рокот за прибавување на одлуката од органот односно организацијата.

Член 7

Постапката за упис во судскиот регистар е итна

Судот е должен предметите да ги зема во работа по редот како што ги примил, освен ако посебните околности бараат да се постапува поинаку.

Член 8

За барањето за упис во судскиот регистар во прв степен одлучува судијата поединец, а во втор степен — советот составен од двајца судии, од кои едниот е претседател на советот, и од еден судија — поротник, односно советот составен од тројца судии.

Член 9

Во постапката за упис во судскиот регистар, судот донесува одлука во форма на решение или заклучок.

Со решение се одлучува за барањето за упис.

Со заклучок се одлучува за прашањата за управување со постапката.

Член 10

Решението за упис во судскиот регистар се извршува со денот на донесувањето, ако со овој закон не е определено поинаку.

Член 11

Против решението за упис во судскиот регистар може да се изјави жалба.

Против заклучокот не е дозволена посебна жалба

Член 12

Во постапката за упис во судскиот регистар не е дозволен поврат во поранешната состојба и нема мирување на постапката.

Член 13

Против правосилно решение донесено во постапката за упис во судскиот регистар не е дозволена ревизија ниту повторување на постапката.

Член 14

Против правосилно решение за конечен упис во судскиот регистар, јавниот обвинител може да подигне барање за заштита на законитоста.

Член 15

Учесник во постапката, во смисла на овој закон, е лицето што ја повело постапката, лицето за чиишто права односно правни интереси се одлучува во постапката, како и органот кој е со закон овластен да поведе постапка или подоцна да влезе во постапката.

Предлагач, во смисла на овој закон, е организацијата на здружен труд или друг определен субјект, односно органот или физичкото лице на чијшто предлог се поведува постапка, а противник на предлагачот е субјект на уписот спрема кого се остварува барањето истакнато во предлогот.

Член 16

Секој учесник во постапката во врска со уписот во судскиот регистар ги поднесува своите трошоци.

Член 17

Во постапката за упис во судскиот регистар сходно се применуваат правилата на вонпроцесната постапка.

Ако со овој закон не е поинаку определено, во постапката за упис во судскиот регистар сходно се применуваат правилата на процесната постапка.

## Дел втори

## ПОСТАПКА ЗА УПИС

### 1. Надлежност на судот

Член 18

Сите уписи се вршат во судскиот регистар на надлежниот суд на чиешто подрачје се наоѓа седиштето на субјектот на уписот (во натамошниот текст: регистарскиот суд).

По исклучок од одредбата на став 1 од овој член, за упис на организирањето и конституирањето на нови работни организации, настанати при промени во организирањето на работната организација и во постапката на организирањето на работната организација во сложена организација на здружен труд, е надлежен регистарскиот суд кај кој е запишана работната организација во која се вршат промените, односно која се организира како сложена организација на здружен труд (во натамошниот текст: сложена организација).

Член 19

Ако во составот на субјектот на уписот има и такви субјекти чиишто седишта се наоѓаат на подрачјето на друг суд, уписите се вршат и во судскиот регистар на тој суд (во натамошниот текст: суд на уписот) врз основа на решение од регистарскиот суд.

Одредбата на став 1 од овој член се применува и при уписот односно евидентирањето на деловната единица, ако таа се наоѓа во составот на таквиот субјект.

Член 20

Ако поради промена на седиштето на субјектот на уписот дојде до промена на регистарскиот суд, за одлучување за уписот на таа промена е надлежен регистарскиот суд на чиешто подрачје се наоѓа новото седиште на субјектот на уписот.

Член 21

Ако седиштето на новиот субјект на уписот, организиран и конституиран од постојниот субјект на уписот кој е запишан во судскиот регистар, се наоѓа на подрачјето на друг суд, регистарскиот суд е должен решението за уписот на промените во организирањето да му го достави на судот на чиешто подрачје се наоѓа седиштето на новиот субјект на уписот.

Врз основа на решението од поранешниот регистарски суд, новиот регистарски суд ќе го запише новиот субјект на уписот во судскиот регистар, за што без одлагање ќе го извести поранешниот регистарски суд.

Со упис на субјектот според одредбата на став 2 од овој член, судот на чиешто подрачје се наоѓа неговото седиште станува регистарски суд, а поранешниот регистарски суд по службена должност, по приемот на известувањето од новиот регистарски суд, ќе го избрише уписот на тој субјект.

Одредбите на чл. 55 и 57 од овој закон се однесуваат и на новиот регистарски суд.

## 2. Податоци што се запишуваат во судскиот регистар

Член 22

Во судскиот регистар се запишуваат основањето, организирањето, конституирањето и престанокот на субјектите на уписот, статусните и други промени на тие субјекти, податоците за субјектите на уписот што се од значења за правниот промет (член 23) и податоците за другите факти определени со закон.

Во судскиот регистар се запишуваат отворањето на постапка за санација и отворањето на постапка за стечај.

Член 23

Податоци од значење за правниот промет што се запишуваат во судскиот регистар се:

1) фирмата односно називот, седиштето и поблиската адреса на субјектот на уписот;

2) дејноста односно работите;

3) овластувањата во правниот промет со трети лица;

4) видот и обемот на одговорноста во правниот промет со трети лица;

5) видот и обемот на одговорноста за обврските на другите општествени правни лица утврдени со самоуправната спогодба за здружување;

6) имињата на лицата овластени за застапување и границите на нивните овластувања;

7) правото на вршење на работи на надворешнотрговскиот промет;

8) имињата на лицата овластени за застапување во надворешнотрговскиот промет и границите на нивните овластувања;

9) називот и седиштето на основачот;

10) бројот и датумот на актот за основање, односно на самоуправната спогодба за основање или здружување или бројот и датумот на одлуката за организирање или за издвојување на субјектот на уписот;

11) видот и обемот на одговорноста на основачот за обврските на субјектот на уписот;

12) фирмата односно називот и седиштето на здружените организации, односно називот и седиштето на работната заедница;

13) фирмата односно називот и седиштето на организацијата во која е здружен субјектот на уписот;

14) називот и местото на работењето на деловната единица.

Во судскиот регистар се запишуваат и податоци за другите факти определени со закон.

Член 24

Регистарскиот суд одлучува кои податоци од член 23 на овој закон ќе се запишат во судскиот регистар, зависно од видот на уписот во согласност со законот и со друг пропис.

## 3. Поднесување на пријава за упис во судскиот регистар

Член 25

Постапка за упис во судскиот регистар се поведува со поднесување на пријава на пропишаниот образец за определен вид упис, а со поднесок — кога тој образец не е пропишан.

Пријавата содржи барање за упис на сите податоци или на нивните промени што задолжително се запишуваат во судскиот регистар, како и други податоци што мора да ги има секој поднесок.

Член 26

Пријавата за упис во судскиот регистар, со исправите, се поднесува до регистарскиот суд во доволен број примероци за судот и за секој субјект на уписот.

Ако уписот се врши и во судскиот регистар што го води судот на уписот, пријавата се поднесува во два примерока, со сите исправи, во заверен препис.

Член 27

Регистарскиот суд донесува решение за уписот во судскиот регистар на јазикот што е во службена употреба во постапката пред тој суд.

Ако субјектот на уписот се наоѓа на подрачјето на судот на уписот, а во постапката пред тој суд е во службена употреба јазик кој се разликува од јазикот и писмото што се во службена употреба во постапката пред регистарскиот суд, регистарскиот суд ги составува регистарските листови на јазикот што е во службена употреба во постапката пред регистарскиот суд.

Судот на уписот, по приемот на решението од регистарскиот суд од став 2 на овој член, ги преведува и заверува регистарските листови на јазикот што е во службена употреба во постапката пред судот на уписот.

Член 28

Предлагачот е должен кон пријавата да ги приложи пропишаните исправи со кои се утврдуваат податоците што се запишуваат во судскиот регистар, како и други исправи со кои се утврдува дека се исполнети општите и посебните услови во поглед на вршењето на дејноста односно работите, како и другите пропишани писмена, зависно од видот на уписот.

Исправите од став 1 на овој член се поднесуваат во изворник односно во препис или фотокопија, што ја заверил надлежниот суд или друг орган надлежен за заверка, ако со закон не е поинаку определено.

Предлагачот може сам да го завери преписот на својата исправа.

Член 29

Пријавата, со барањето, се поднесува во рок од 15 дена од денот кога се стекнале сите услови за упис.

Рокот од став 1 на овој член се смета:

1) за упис на основање на работна организација односно на друг субјект на уписот — од денот на донесувањето на актот за основање, односно склучувањето на самоуправната спогодба за основање;

2) за упис на бришење на пренотацијата на конечната одлука за организирање на привремена основна организација — од денот на уписот на конституирањето на работната организација;

3) за упис на пренотацијата на одлуката за организирање, односно за издвојување на основна организација — од денот на донесувањето на одлуката;

4) за упис на аднотацијата за поведување спор — од денот на поведувањето на спорот;

5) за упис за бришење на пренотацијата на одлуката за организирање, односно за издвојување на основна организација — од денот на приемот на правосилната одлука на судот на здружениот труд дека не постојат услови за организирање односно издвојување на основната организација;

6) за упис на бришење на аднотацијата за поведување спор — од денот на приемот на правосилната одлука на судот на здружениот труд дека постојат услови за организирање, односно за издвојување на основната организација;

7) за упис на конституирање на субјектот на уписот, односно здружување во деловна заедница или во друга форма на здружување на трудот и средствата — од денот на приемот на решението за исполнување на условите во поглед на техничката опременост и заштитата при работа и на другите пропишани услови;

8) за упис на статусната и друга промена, освен промената на дејноста односно работите — од денот на извршената промена;

9) за упис на промената на дејноста односно работите — од денот на приемот на решението за исполнување на условите во поглед на техничката опременост и заштитата при работа и на другите пропишани услови;

10) за упис на пристапување кон самоуправна спогодба за здружување во сложена организација, односно во деловна заедница или во друга форма на здружување на трудот и средствата — од денот на прифаќањето на самоуправната спогодба за здружување;

11) за упис односно евидентирање на деловна единица — од денот на приемот на решението за исполнување на условите во поглед на техничката опременост и заштитата при работа и на другите пропишани услови;

12) за упис на други податоци во судскиот регистар — од денот кога е тоа со закон определено.

Пријавата за упис на пренотација на конечната одлука за организирање на привремена основна организација се поднесува во рок од 30 дена од денот кога одлуката станала конечна.

Член 30

Кога субјектот на уписот престанува поради промени во организирањето, предлагачот е должен истовремено да поднесе пријава за упис на организирањето и конституирањето на новиот субјект и за бришење на субјектот на уписот кој престанува.

**4. Испитување на пријавата**

Член 31

Ако судот утврди дека не е стварно и месно надлежен за постапување по пријавата за упис, ќе се огласи како ненадлежен и по правосилноста на решението пријавата ќе му ја отстапи на надлежниот регистарски суд.

Член 32

Пред донесувањето на решение за барањето за упис во судскиот регистар, регистарскиот суд испитува дали за уписот се исполнети пропишаните формални и материјални услови.

Член 33

Формални услови од член 32 на овој закон се:

1) пријавата да ја поднело овластеното лице;

2) пријавата да е поднесена на пропишаниот образец, со определената содржина и во потребниот број примероци;

3) кон пријавата да се приложени сите пропишани исправи во изворник или во заверен препис, односно во фотокопија;

4) исправите да се донесени во пропишаната постапка;

5) исправите да и одговараат на пропишаната содржина;

6) да се исполнети и другите формални услови предвидени со овој закон.

Член 34

Материјални услови од член 32 на овој закон се:

1) барањето за упис да е во согласност со законот;

2) барањето за упис да е во согласност со одредбите на самоуправните општи акти со кои се уредени податоците односно промените што се запишуваат во судскиот регистар;

3) да се исполнети и другите материјални услови определени со законот.

Член 35

Ако пријавата за упис во судскиот регистар е неразбирлива или ако не го содржи сето што е потребно за да може да се постапува според неа, судот ќе го поучи предлагачот односно учесникот и ќе му помогне да ја исправи пријавата, односно да ја дополни и за таа цел може да го повика во судот или да му ја врати пријавата заради исправка.

Ако регистарскиот суд му ја врати на предлагачот односно на учесникот пријавата заради исправка или дополнение, со заклучок ќе го определи рокот за повторно поднесување на пријава, кој не може да биде подолг од 30 дена.

Ќе се смета дека пријавата е повлечена ако не му биде вратена на судот во определениот рок, а ако биде вратена без исправка односно дополнение, судот ќе ја отфрли пријавата.

Ако пријавата врзана за рок биде исправена односно дополнета, ќе се смета дека на судот му е поднесена оној ден кога била првпат поднесена.

Ако пријавата и прилозите не се поднесени во доволен број примероци, судот ќе го повика предлагачот односно учесникот да ги поднесе во определен рок. Ако предлагачот односно учесникот не постапи според заклучокот на судот, судот ќе ја отфрли пријавата. Судот може да определи пријавата и прилозите да се препишат врз трошок на предлагачот, односно на учесникот.

Член 36

Ако пријавата содржи барање што не им одговора на пропишаните услови, или ако исправата која се прилага кон пријавата не ги содржи сите податоци што се запишуваат во судскиот регистар, или ако во поглед на содржината не ѝ одговара на содржината пропишана со законот, или ако не е донесена во постапката пропишана со законот, регистарскиот суд ќе го повика предлагачот да ја дополни пријавата односно исправата, во согласност со законот, во рок кој не може да биде подолг од 60 дена.

По исклучок од одредбата на став 1 од овој член, регистарскиот суд може да определи рок подолг од 60 дена за дополнение на пријавата и исправата, а најмногу до шест месеци, ако субјектот на уписот кон пријавата за упис во судскиот регистар е должен да приложи исправа која содржи одобрение или согласност од надлежниот орган, која прет-

ставува услов за упис, односно за вршење на определена дејност односно работи или од други оправдани причини.

Ако предлагачот не постапи во рокот од ст. 1 и 2 на овој член, регистарскиот суд ќе ја отфрли пријавата за упис во судскиот регистар.

Член 37

Заклучокот има увод и изрека.

Уводот содржи назив на судот, име на судијата, фирма односно назив на предлагачот, предмет на пријавата и датум на донесувањето на заклучокот.

Изреката содржи налог до предлагачот односно до учесникот во определениот рок да ги отстрани утврдените недостатоци во пријавата односно во исправата или да прибави соодветна исправа од надлежниот орган односно организација како и други налози во врска со управувањето со постапката. Изреката ги содржи и правните последици од непостапувањето според заклучокот.

Член 38

Ако регистарскиот суд се посомнева во вистинитоста на актот со кој се докажува факт што е предмет на уписот или во законитоста на постапката според која е донесен актот или во законитоста на правното дејствие што е предмет на уписот (склучување на определена самоуправна спогодба, избор односно именување на орган, организација и др.), судот по службена должност ќе ги извиди околностите што се од значење за извршувањето на уписот и ќе го одбие барањето за упис, ако најде дека за уписот не постојат услови.

Заради извидување на околностите од став 1 на овој член регистарскиот суд ќе определи рочиште на кое ќе ги повика предлагачот и другите лица на кои им се познати тие околности.

Член 39

Ако регистарскиот суд се посомнева во постоењето на некој факт од кој зависи дали барањето за упис во судскиот регистар е во согласност со законот, а самиот не е овластен да го утврдува постоењето на тој факт, ќе му наложи на предлагачот од надлежниот орган на општествено-политичката заедница или од организацијата овластена со закон да ја прибави соодветната исправа во определниот рок.

Ако за утврдување на фактот од став 1 на овој член е надлежен судот на здружениот труд регистарскиот суд ќе го извести општествениот правобранител на самоуправувањето а, по потреба, и друг орган односно организација да поведе постапка пред тој суд во определениот рок и за тоа да го извести регистарскиот суд.

Кога регистарскиот суд ќе прими известување дека е поведена постапка во смисла на став 2 од овој член, ќе ја прекине постапката за упис во судскиот регистар до правосилното окончување на таа постапка.

Член 40

Предлагачот е должен во рок од осум дена од денот на приемот на правосилната одлука од судот на здружениот труд, да му ја достави таа одлука на регистарскиот суд и да му предложи продолжување на постапката за упис во судскиот регистар.

Постапката што е прекината во смисла на член 40 став 3 од овој закон ќе се продолжи по предлог од предлагачот.

Ако предлагачот не ја достави исправата во смисла на член 40 став 1 од овој закон, регистарскиот суд со решение ќе го одбие барањето, односно ќе ја отфрли пријавата.

Член 41

Регистарскиот суд донесува решение за барањето за упис во судскиот регистар, по правило, без одржување на рочиште.

По исклучок од одредбата на став 1 од овој член, судот може да закаже рочиште кога ќе оцени дека е тоа потребно заради разјаснување или утврдување на пресудните факти.

Судот може и без рочиште да ги сослуша учесниците во постапката и другите лица, ако наоѓа дека е тоа потребно заради разјаснување на одделни прашања.

Член 42

Ако регистарскиот суд смета дека самоуправниот општ акт на субјектот на уписот не е во согласност со уставот односно дека му е спротивен на законот, а таа несогласност односно спротивноста не се однесува на податоците што се запишуваат во судскиот регистар, ќе ги извести за тоа надлежниот општествен правобранител на самоуправувањето и надлежниот орган на општествено-политичката заедница, а може и самиот да даде иницијатива до уставниот суд за поведување на постапка пред тој суд.

Член 43

Пред донесувањето на решение за упис во судскиот регистар, регистарскиот суд проверува дали е под иста или слична фирма односно назив веќе запишан или уредно пријавен за упис во судскиот регистар, друг субјект на уписот, за што составува службена белешка.

Ако утврди дека фирмата односно називот на субјектот на уписот кој бара упис не се разликува јасно од фирмата односно називот на друг субјект на уписот кој веќе е запишан во судскиот регистар или кој порано уредно поднел пријава за упис, а во прашање е упис на фирма односно назив на субјект од иста или сродна дејност, судот ќе го повика предлагачот да ја промени фирмата односно називот во определен рок и да поднесе изменета пријава со соодветни исправи. Ако предлагачот не постапи според заклучокот на судот, судот ќе го одбие барањето за упис во судскиот регистар.

Член 44

Предлагачот може да ја повлече пријавата за упис во судскиот регистар до донесувањето на првостепеното решение, а ако судот одлучил дека решението ќе се изврши по протекот на рокот за жалба — до правосилноста на решението.

Кога предлагачот односно учесникот ќе ја повлече пријавата за упис во судскиот регистар, регистарскиот суд со решение ја запира постапката.

**5. Решение за упис во судскиот регистар**

Член 45

Регистарскиот суд донесува решение за секое барање за упис во судскиот регистар откако претходно ќе ги утврди пресудните факти.

Член 46

Регистарскиот суд истовремено одлучува за барањето за упис во судскиот регистар на сите податоци што се предмет на уписот.

По исклучок од одредбата на став 1 од овој член, регистарскиот суд одлучува поединечно за барањето за упис на промените на запишаните податоци.

Член 47

Решението за упис има увод и изрека, а по потреба — и образложение.

Уводот на решението содржи назив и седиште на судот, име на судијата, фирма односно назив на предлагачот, име на овластено лице, предмет на уписот и датум на донесувањето на решението.

Изреката на решението за упис се состои од одлука за предметот на уписот и од податоци од значење за правниот промет.

Решението мора да биде образложено ако со него се одбива барањето или се отфрла пријавата на предлагачот, или ако со него се решаза за предлозите на учесниците кои се меѓусебно во противречје, а може да биде образложено и во други случаи кога е тоа потребно.

Член 48

Ако помеѓу податоците запишани во регистарските листови и преписот на решението постои несогласност, регистарскиот суд ќе им достави на предлагачот и на другите учесници исправен препис на решението, со назначување дека со него се заменува поранешниот препис на решението.

Одредбата од став 1 на овој член се применува и кога постои несогласност на преводот во поглед на податоците содржани во решението и во регистарските листови и преводот на регистарските листови кај судот на уписот.

**6. Доставување на писмена**

Член 49

Решението за упис со упатство за правото на жалба во препис, им се доставува на предлагачот и на учесниците на кои се однесува решението.

Решението за упис во препис односно во заверена фотокопија може да им се достави и на други лица кои за тоа имаат правен интерес на нивно барање.

Член 50

Ако регистарскиот суд го одбие барањето, односно ја отфрли пријавата за упис, ќе достави препис на решението до собранието на општината на чие подрочје се наоѓа седиштето на субјектот на уписот и до надлежниот општествен правобранител на самоуправувањето.

Член 51

Преписот на решението за упис на пренотацијата на одлуката за организирање на основна организација, регистарскиот суд, го доставува освен до учесниците од член 49 став 1 на овој закон, и до општествениот правобранител на самоуправувањето, а известувањето за уписот на пренотацијата на одлуката за издвојување од составот на субјектот на уписот — до собранието на општината на чие подрачје се наоѓа седиштето на предлагачот, како и до другите органи и организации овластени со закон.

Член 52

Преписот на решението за бришење на пренотацијата на одлуката за организирање на основна организација, кога таа не е оправдана во определен рок, регистарскиот суд го доставува до собранието на општината на чие подрачје се наоѓа седиштето на субјектот на уписот и до општестевниот правобранител на самоуправувањето.

Член 53

Регистарскиот суд, при одлучувањето за барање за упис во судскиот регистар, за својата одлука може да ги извести надлежните органи на општествено-политичката заедница и други органи и организации.

Член 54

Ако седиштето на субјектот на уписот не се наоѓа на подрачјето на регистарскиот суд, регистарскиот суд истовремено доставува препис на решението до предлагачот, а до судот на уписот — еден примерок на пријавата, заедно со преписот на решението за упис и со заверените преписи на исправите што се однесуваат на тој упис.

Одредбата на став 1 од овој член се применува и кога се запишуваат односно евидентираат деловните единици што се наоѓаат во составот на субјектот на уписот, чие седиште е на подрачјето на судот на уписот.

**7. Постапка кај судот на уписот**

Член 55

Судот на уписот е должен врз основа на решението на регистарскиот суд да изврши упис, ако ги примил и пропишаните исправи.

Ако судот на уписот најде дека постојат извесни пречки за уписот или дека решението за упис не е во согласност со законот, ќе го извести за тоа регистарскиот суд и ќе застане со уписот до приемот на известувањето од регистарскиот суд.

Член 56

Ако недостатоците од член 55 став 2 на овој закон се однесуваат на повреда на материјалното право или на постапката во донесувањето на исправата, регистарскиот суд, по службена должност, ќе му наложи на субјектот на уписот да ги отстрани тие недостатоци во определен рок.

Ако субјектот на уписот не постапи според заклучокот на регистарскиот суд од став 1 на овој член, регистарскиот суд ќе постапи според одредбите на член 70 од овој закон.

Решението од став 2 на овој член регистарскиот суд го доставува до субјектот на уписот, до учесниците во постапката и до судот на уписот.

Член 57

Ако регистарскиот суд не ги прифати забелешките на судот на уписот, ќе го извести за тоа судот на уписот, кој е должен без одлагање да изврши упис.

Судот на уписот, во случајот од став 1 на овој член, преписот на решението на регистарскиот суд за уписот може да го достави до општествениот правобранител на самоуправувањето, кој има право на жалба.

**8. Упис на промените**

Член 58

Учесникот односно општествениот правобранител на самоуправувањето има право да бара упис на промените, односно бришење на уписот на определени податоци од значење за правниот промет, а особено: забраната на занимавањето со определена дејност, бришењето на работите на надворешнотрговски промет, бришењето на деловите на фирмата односно називот, сменувањето на лицето овластено за застапување, ограничувањето на овластувањата во правниот промет и бришењето на името на лицето овластено за застапување.

Учесникот односно органот од став 1 на овој член е должен при поднесувањето на предлогот, да ја означи фирмата односно називот и седиштето на противникот на предлагачот и да ги приложи исправите со кои ја докажува основаноста на барањето за упис на промените.

Кога регистарскиот суд ќе прими барање од учесникот односно од органот од став 1 на овој член, ќе го повика противникот на предлагачот да се изјасни за барањето, во определен рок а кога е тоа потребно — да изврши определени измени и дополненија на самоуправниот општ акт во поглед на податоците чијшто упис односно бришење се бара.

Член 59

Кога противникот на предлагачот не постапи во рокот што го определил судот, регистарскиот суд ќе донесе соодветно решение.

Ако регистарскиот суд го усвои барањето од член 58 на овој закон, истовремено на противникот на предлагачот ќе му определи рок да изврши соодветни измени и дополненија на самоуправниот општ акт и да поднесе пријава за упис на промените во врска со донесеното решение, кога е тоа потребно.

Кога противникот на предлагачот не постапи во смисла на став 2 од овој член, регистарскиот суд по правосилноста на решението за упис на промените ќе изврши упис во судскиот регистар и истовремено за тоа ќе ги извести надлежниот орган на општествено-политичката заедница, на чие подрачје се наоѓа седиштето на противникот на предлагачот, и општествениот правобранител на самоуправувањето, заради преземање на мерките предвидени со закон.

**9. Постапка по жалбата**

Член 60

Право на жалба против решението за упис во судскиот регистар има учесникот или друго лице кое смета дека со решението е повредено неговото право или интерес засновани врз законот, а предлагачот — само кога барањето е одбиено односно кога пријавата е отфрлена.

Жалбата може да се изјави во рок од осум дена од денот на доставувањето на преписот на решението.

За лицето кое смета дека неговото право и интерес засновани врз законот се повредени со решението за конечен упис, а преписот на тоа решение не му бил доставен, рокот за жалба изнесува 15 дена од денот на објавувањето на изводот на уписот во „Службен лист на СФРЈ", односно во републичкиот или покраинскиот службен весник, а ако уписот е објавен во двата службени весника — рокот за жалба се смета од денот на објавувањето на изводот на уписот во службениот весник во кој е објавен подоцна.

Член 61

Ако регистарскиот суд најде дека жалбата на предлагачот е основана, а не е потребно да се спроведува дополнителна постапка, барањето за упис може да го реши поинаку и со ново решение да го замени решението што се побива со жалбата.

Ако во жалбата се изнесуваат нови факти и се прилагаат нови исправи, таквата жалба се смета и како предлог за замена на решението.

Регистарскиот суд по повод жалбата од став 2 на овој член ќе го испита предлогот за замена на решението и може да одлучи решението да се замени со ново решение, ако го усвои предлогот во целост.

Ако регистарскиот суд најде дека нема основа за замена на решението, ќе му ја достави жалбата на второстепениот суд на натамошна постапка.

Член 62

Ако предлагачот ненавремено изјави жалба, таквата жалба ќе се смета како нов предлог за упис во судскиот регистар, доколку во неа се изнесуваат нови факти и се прилагаат нови исправи.

Регистарскиот суд во случајот од став 1 на овој член ќе постапи во смисла на член 61 став 3 од овој закон.

Член 63

Решавајќи за жалбата, второстепениот суд може:

1) да ја отфрли жалбата како ненавремена, непотполна или недозволена, ако тоа не го сторил регистарскиот суд;

2) да ја одбие жалбата како неоснована и да го потврди решението на регистарскиот суд;

3) да ја уважи жалбата и решението на регистарскиот суд да го укине и предметот да го врати на повторна постапка;

4) да го преиначи решението на регистарскиот суд.

Член 64

Второстепениот суд ќе го преиначи решението на регистарскиот суд:

1) ако регистарскиот суд погрешно ги оценил исправите, а решението на судот е засновано исклучително врз тие исправи;

2) ако регистарскиот суд од фактите што ги утврдил извел неправилен заклучок за постоењето на други факти, а врз тие факти е засновано решението;

3) ако фактичката состојба е правилно утврдена, а регистарскиот суд погрешно го применил материјалното право.

Решението од став 1 на овој член содржи податоци што се запишуваат во судскиот регистар, ако со тоа решение се определува уписот и врз основа на него регистарскиот суд го спроведува уписот во судскиот регистар.

Член 65

Ако второстепениот суд го преиначи решението на регистарскиот суд за уписот и го одбие барањето за упис во судскиот регистар, регистарскиот суд, по службена должност или по барање на лицето, кое за тоа има правен интерес, ќе го брише извршениот упис врз основа на преиначеното решение.

Барањето за бришење на уписот од став 1 на овој член се поднесува во рок од 15 дена од денот на доставувањето на второстепеното решение за преиначување.

**10. Барање за заштита на законитоста**

Член 66

Јавниот обвинител може да подигне барање за заштита на законитоста:

1) поради погрешна примена на материјалното право;

2) поради суштествени повреди на одредбите на постапката, и тоа:

— ако судот бил непрописно составен;

— ако во донесувањето на решението учествувал судија кој според законот морал да се изземе, односно кој со решение бил изземен;

— ако судот со незаконито постапување, а особено со пропуштање на доставувањето, не му дал можност на учесникот да учествува во постапката;

— ако спротивно на одредбите од овој закон судот го одбил барањето на учесникот да ги употребува во постапката својот јазик и писмо, а учесникот поради тоа се жали;

— ако во постапката, како предлагач, учествувало лице кое според законот не е овластено за поднесување на предлог;

— ако решението има недостатоци поради кои не може да се испита, а особено ако неговата изрека е неразбирлива или ако си противречи на себеси;

— ако изреката на решението им противречи на причините од решението изнесени во образложението, или ако решението воопшто нема причини или во него не се наведени причините за пресудните факти, или ако за пресудните факти постои противречност меѓу она што во причините на решението се наведува за содржината на исправите и самите тие исправи, кога со овој закон е пропишано образложението.

Член 67

Јавниот обвинител може да подигне барање за заштита на законитоста и ако во судскиот регистар е запишан субјектот на уписот кој е веќе запишан во судскиот регистар на друг суд, а не е спроведена пропишаната постапка пред тој суд.

Член 68

Против правносилното решение за упис, јавниот обвинител може да подигне барање за заштита на законитаста во рок од 60 дена.

Рокот за поднесување на барање за заштита на законитоста од став 1 на овој член се смета:

1) против решението донесено во прв степен против кое е изјавена жалба — од денот кога тоа решение повеќе не можело да се побива со жалба;

2) против решението донесено во втор степен — од денот кога решението му е доставено на учесникот на кого подоцна му е доставено.

**11. Бришење на неоснованиот конечен упис во судскиот регистар**

Член 69

Лицето кое има правен интерес може да му поднесе на регистарскиот суд барање за бришење на неоснованиот конечен упис, во рок од 15 дена од денот на сознанието за уписот, а најдоцна во рок од 60 дена од денот на извршениот упис.

Член 70

Регистарскиот суд го брише неоснованиот упис по барање на лицето кое има правен интерес или по службена должност:

1) ако уписот е извршен без поднесување на пропишаната исправа;

2) ако по донесувањето на решението за упис се променат пропишаните или други услови за вршење на дејностите односно работите;

3) во други случаи во кои уписот бил недопуструлив или подоцна станал недозволен.

Регистарскиот суд може да поведе постапка за бришење на неосновано извршениот упис најдоцна во рок од две години од денот на уписот.

Член 71

Регистарскиот суд, по службена должност, односно по приемот на барањето, ќе го извести субјектот за уписот за намерата за бришење на неоснованиот упис со доставување на барање и покана да се изјасни во определениот рок и, по потреба, да ја поднесе пропишаната исправа.

Во случајот од став 1 на овој член судот закажува рочиште заради утврдување на пресудните факти, на кое ги повикува предлагачот, ако е постапката поведена по негово барање, субјектот на уписот а, по потреба, и други лица.

По оцената на утврдените факти, судот ќе донесе решение за бришење на конечниот упис или за запирање на постапката за бришење на уписот.

Неоснованиот упис се брише само врз основа на правосилно решение.

По правосилноста на решението од став 3 на овој член, регистарскиот суд ќе го извести за тоа надлежниот орган, на општествено-политичката заедница.

Член 72

Кога со правосилна пресуда е утврдена ништовност на конечниот упис, судот е должен во рок од 15 дена да му ја достави на регистарскиот суд таа правосилна пресуда.

Регистарскиот суд, по службена должност, донесува решение за упис на аднотацијата за ништовноста на уписот по правосилната пресуда ако субјектот на уписот според законот престанува да постои. Тоа решение го содржи називот и седиштето на судот и број и датум на одлуката за ништовноста на уписот.

Решението од став 2 на овој член им се доставува на субјектот на уписот и на надлежниот орган на општествено-политичката заедница, заради донесување решение за отворање на постапка за редовна ликвидација, односно ставање на предлог за отворање на постапка за стечај.

Во останатите случаи, регистарскиот суд врз основа на правосилна пресуда, по службена должност, донесува решение за бришење на ништовноста на конечниот упис.

Решението од став 4 на овој член регистарскиот суд го доставува и до надлежниот орган на општествено-политичката заедница и до општествениот правобранител на самоуправувањето.

**12. Бришење на условен и известителен упис**

Член 73

Регистарскиот суд, по службена должност, го брише уписот на:

1) пренотацијата што не е во определениот рок оправдана, а најдоцна во рок од шест месеци од денот на уписот на пренотацијата;

2) аднотацијата — кога ќе истекне времето за забрана на занимавањето со определена дејност односно работи, односно за ограничување на овластувањето во правниот промет и престанување на мандатот на привремениот орган, како и други привремени мерки на општествената заштита;

3) дејноста односно работите — кога ќе истече времето за кое е дадена согласност за вршење на таа дејност односно работи, а давањето согласност е определено со закон.

Дел трети

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 74

Уредбата за уписите на организациите на здружениот труд и на други субјекти во судскиот регистар („Службен лист на СФРЈ", бр. 21/77 и 68/78) ќе се усогласи со одредбите на овој закон во рок од три месеци од денот на неговото влегување во сила.

Член 75

Постапката на упис во судскиот регистар започната до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе се продолжи според прописите што се во сила до денот на влегувањето во сила на овој закон.

Ако по денот на влегувањето во сила на овој закон се укине решението на регистарскиот суд, натамошната постапка ќе се спроведе според овој закон.

Член 76

Овој закон влегува во сила по истекот на три месеци од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

**179.**

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИВРЕМЕНА ЗАБРАНА НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ДЕЛ ОД ОПШТЕСТВЕНИТЕ СРЕДСТВА — НЕТО КРЕДИТНИОТ ПОТЕНЦИЈАЛ НА ОСНОВНИТЕ БАНКИ ВО 1983 ГОДИНА

Се прогласува Законот за привремена забрана на располагањето со дел од општествените средства — нето кредитниот потенцијал на основните банки во 1983 година, што го усвои Собранието на СФРЈ, на седницата на Сојузниот собор од 23 март 1983 година.

П бр. 272
23 март 1983 година
Београд

Претседател
на Претседателството на СФРЈ
**Петар Стамболиќ**, с. р.

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
**Раиф Дизддаревиќ**, с. р.

## ЗАКОН

### ЗА ПРИВРЕМЕНА ЗАБРАНА НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ДЕЛ ОД ОПШТЕСТВЕНИТЕ СРЕДСТВА — НЕТО КРЕДИТНИОТ ПОТЕНЦИЈАЛ НА ОСНОВНИТЕ БАНКИ ВО 1983 ГОДИНА

Член 1

Основните банки во 1983 година не можат да располагаат со дел од општествените средства — нето кредитниот потенцијал кој одговара на износот од 1,50% од вкупниот износ на тој потенцијал на секоја од тие банки, со состојба на ден 31 декември 1982 година.

Забраната на располагањето со средствата од став 1 на овој член не се однесува на здружувањето на средства за кредитирање на извозот на опрема и бродови и за изведување на инвестициони работи во странство на кредит за 1983 година, согласно со Законот за Југославенската банка за меѓународна економска соработка и за заедничките финансиски организации. („Службен лист на СФРЈ", бр. 55/78).

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

**180.**

Врз основа на точка 29 став 1 од Одлуката за организацијата и делокругот на службите на Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 74/80), Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, на седницата одржана на 22 март 1983 година донесе

## ОДЛУКА

### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

Се разрешува од должноста генерален секретар на Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија Вуко Драгашевиќ, со 31 март 1983 година.

Бр. О-4
22 март 1983 година
Белград

**Претседателство на Социјалистичка Федеративна Република Југославија**

Претседател,
**Петар Стамболиќ**, с. р.

**181.**

Врз основа на точка 29 став 1 од Одлуката за организацијата и делокругот на службите на Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 74/80) Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, на седницата одржана на 22 март 1983 година донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

За генерален секретар на Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, почнувајќи од 1 април 1983 година се именува Мухамед Берберовиќ, досегашен член на Претседателството на Сојузната конференција на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Југославија.

Бр. О-5
22 март 1983 година
Белград

**Претседателство на Социјалистичка Федеративна Република Југославија**

Претседател,
**Петар Стамболиќ**, с. р.

**182.**

Врз основа на член 89 став 2 од Законот за девизното работење и кредитните односи со странство („Службен лист на СФРЈ", бр. 15/77, 61/82 и 77/82), во врска со член 11 став 2 од Законот за хартиите од вредност („Службен лист на СФРЈ," бр. 40/78), врз основа на согласност од надлежните републички и покраински органи, по прибавеното мислење од Интересната заедница на Југославија за економски односи со странство, Сојузниот извршен совет донесува

## УРЕДБА

### ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА УРЕДБАТА ЗА УСЛОВИТЕ, НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА КОРИСТЕЊЕ ДЕВИЗИ ОД СТРАНА НА ГРАЃАНИТЕ И ГРАЃАНСКИТЕ ПРАВНИ ЛИЦА ЗА КУПУВАЊЕ ОПРЕДЕЛЕНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

Член 1

Во Уредбата за условите, начинот и постапката за користење девизи од страна на граѓаните и граѓанските правни лица за купување определени хартии од вредност („Службен лист на СФРЈ", бр. 37/77) во член 5 по став 2 се додаваат нови ст. 3 и 4, кои гласат:

„По исклучок од одредбата на став 1 од овој член, организациите на здружен труд, по барање на граѓаните, можат да ја отплатуваат главницата и каматата во динари по обврзниците купени во смисла на член 2 од оваа уредба.

Организациите на здружен труд ја отплатуваат главницата и каматата по обврзниците во динари со примена на курсот од меѓубанкарскиот состанок на единствениот девизен пазар на денот на исплатата."

Член 2

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 100
24 февруари 1983 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Борисав Среќин,** с. р.

---

**183.**

Врз основа на член 34 став 6 и член 41 став 4 од Законот за заштита на растенијата од болести и штетници што ја загрозуваат целата земја („Службен лист на СФРЈ", бр. 74/82), Сојузниот комитет за земјоделство пропишува

## ПРАВИЛНИК

### ЗА НАЧИНОТ НА ИЗДАВАЊЕ ДОЗВОЛИ ЗА ПУШТАЊЕ ВО ПРОМЕТ НА СРЕДСТВА ЗА ЗАШТИТА НА РАСТЕНИЈАТА, ЗА КРИТЕРИУМИТЕ ЗА ОЦЕНА НА ЕФИКАСНОСТА НА ТИЕ СРЕДСТВА И ЗА НАЧИНОТ НА НИВНОТО ДЕКЛАРИРАЊЕ

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат начинот на издавање дозволи за пуштање во промет на средства за заштита на растенијата, критериумите за оцена на ефикасноста на тие средства и начинот на нивното декларирање, заради пуштање во промет.

### II. НАЧИН НА ИЗДАВАЊЕ ДОЗВОЛИ ЗА ПУШТАЊЕ ВО ПРОМЕТ НА СРЕДСТВА ЗА ЗАШТИТА НА РАСТЕНИЈАТА И КРИТЕРИУМИ ЗА ОЦЕНА НА ЕФИКАСНОСТА НА ТИЕ СРЕДСТВА

Член 2

Под начин на издавање дозволи за пуштање во промет на средства за заштита на растенијата се подразбира: поднесување барање за испитување на средства за заштита на растенијата, испитување на средствата за заштита на растенијата, критериумите за оцена на ефикасноста на средствата за заштита на растенијата и издавање дозволи заради пуштање во промет на средства за заштита на растенијата.

**1. Поднесување барања за испитување на средства за заштита на растенијата**

Член 3

Во барањето за испитување на средства за заштита на растенијата што во писмена форма се поднесува до овластената организација на здружен труд која ги исполнува условите за испитување на средства за заштита на растенијата (во натамошниот текст: овластена организација), подносителот на барањето ги внесува следните податоци и тоа:

1) за називот на средството за заштита на растенијата за кое се бара испитување;

2) за фирмата, односно називот и адресата на производителот на средството за заштита на растенијата, за странскиот производител и фирма, односно назив и адреса на неговиот овластен застапник во Југославија, како и назив и адреса на организацијата на здружен труд со која тоа средство странскиот производител го произведува во кооперација;

3) за видот на средството за заштита на растенијата според намената (инсектицид, фунгицид, хербицид и др.);

4) за формата на производство (формулацијата) на средството за заштита на растенијата;

5) за составот на средството за заштита на растенијата, и тоа:

— за активната материја, нејзиниот вообичаен назив (commonname) и за хемискиот назив и содржината на чиста активна материја во средството (на 20°C) изразена во проценти во однос на тежината или зафатнината (кај течните формулации во тежина според зафатнината, а кај цврстите во тежина според тежината);

— за другите материи содржани во средството за заштита на растенијата и за нивната намена (полнила, растворувачи, емулгатори, синергисти, бои и други материи со ознака на количината);

6) за хемиските и физичките својства на активната материја (хемиски состав, структурна и молекулска формула, молекуларна маса, содржина на активна материја во техничкиот производ — концентратот, содржина на нечистотии во техничкиот производ, напон на пареата, растворливост во вода, масти и органски растворувачи, фото и термостабилност и партиционен коефициент);

7) за физичките својства на средството за заштита на растенијата (боја, зафатнинска маса, големина на честиците, содржина на влага или загуба со сушење на 105°C, хигроскопност на 95%-тна влажност на воздухот, стабилност на суспензијата во стандардно тврда вода по 30 минути, површински напон, испарливост, вискозитет, корозивност, гранулометриска структура, тропливост и сипливост на гранулите, специфична густина, точка на палењето, точка на горењето, способност за емулгирање, стабилност на емулзијата, растворливост во вода, pH вредност, приемчивост, квасливост) и други својства од значење за тоа средство;

производителот. По исклучок, ако во земјата на производителот нема култура што се третира со тоа средство, се прилага дозволата за промет во една од европските земји, од која можат јасно да се видат намените и количините на средството односно концентрациите за одделни намени.

Кон странската дозвола подносителот на барањето прилага и заверен превод на таа дозвола на еден од јазиците на народите односно народностите на Југославија.

Член 7

Барањето за испитување на средство за заштита на растенијата од член 3 на овој правилник се поднесува на еден од јазиците на народите односно народностите на Југославија, а документацијата што се прилага кон барањето — на еден од јазиците на народите на Југославија или на англиски, руски, француски, шпански или германски јазик.

Член 8

Барањето за испитување на средство за заштита на растенијата заради добивање на постојана или привремена дозвола, како и заради продолжување на важењето на дозволата, се поднесува најмалку до две овластени организации од различни климатски подрачја, а копија од барањето без документација се доставува, со известување за испитувањето, до Сојузниот комитет за земјоделство.

Член 9

Барање за биолошко испитување на средство за заштита на растенијата заради пуштање во промет, се поднесува:

1) за средства што се применуваат во текот на мирувањето на вегетацијата — најдоцна до 1 ноември тековната година;

2) за средства за третирање на семе за пролетна сеидба — најдоцна до 1 февруари тековната година, а за есенска сеидба — најдоцна до 1 август тековната година;

3) за средства што се применуваат во текот на вегетацијата или во време на сеидбата:

— ако се применуваат во пролет — до 1 февруари тековната година,

— ако се применуваат во есен — до 1 јули тековната година;

4) за други средства — во текот на целата година.

Член 10

Кон барањето за испитување на средство за заштита на растенијата од член 3 на овој правилник, подносителот на барањето е должен на овластената организација да и достави потребни количини на мостри од средството во оригинално пакување, мостри од чиста активна материја (стандард) и мостри од техничкиот концентрат.

**2. Испитување на средство за заштита на растенијата**

Член 11

Испитувањето на средство за заштита на растенијата се состои од утврдување на:

1) хемиските својства на средството;

2) физичките својства на средството;

3) ефикасноста на средството за целите за кои е наменето;

4) дејството на средството врз растенијата и растителните производи, што се третираат со тоа средство, а посебно утврдување на фитотоксичноста врз одгледуваните растенија;

5) каренцата;

6) отровноста на средството за човекот, пчелите, рибите и топлокрвните животни (домашни животни, дивеч и птици) и за корисната флора и фауна;

7) условите и погодноста на средството за практично применување во заштитата на растенијата.

Испитување на средството во смисла на став 1 точка 3 од овој член овластените организации вршат според единствена методологија.

Член 12

Испитувањето на средството за заштита на растенијата заради добивање на постојана дозвола за пуштање на тоа средство во промет, овластената организација мора да го заврши во рок од две години односно од два вегетациони периоди — од денот на приемот на мострата.

Ако во рокот од став 1 на овој член немало појава на растителни болести, штетници или плевели против кои е наменето средството или ако подносителот на барањето во текот на испитувањето поднесе барање за проширување на намената или за измена на количината односно на концентрацијата на средството, тој рок може да се продолжи.

Ако средството за заштита на растенијата е произведено во Југославија од активна материја од која е произведено идентично средство, а идентичното средство е во промет најмалку три години или ако производителот сака да ја обнови дозволата чие важење престанало заради издавање на постојана дозвола или на привремена дозвола, во рок од три месеци од денот на приемот на мострата мора да се завршат хемиските и физичките испитувања на тоа средство.

Член 13

По завршеното испитување на средството за заштита на растенијата, овластените организации што вршеле испитување на тоа средство се должни на подносителот на барањето да му доставаат писмен извештај за резултатите од испитувањето на односното средство.

Овластените организации се должни во извештаите за резултатите од испитувањето на средството за заштита на растенијата да дадат мислење дали средството може да се пушти во промет и под кои услови.

**3. Критериуми за оцена на ефикасноста на средството за заштита на растенијата**

Член 14

Ефикасноста на средството за заштита на растенијата се цени според хемиските, физичките и биолошките својства на средството и според дејството на средството врз третираните растенија и човековата средина, како и според погодноста на средството за употреба во заштитата на растенијата.

Средството за заштита на растенијата кое нема специфична боја мора да се бојоса.

Член 15

Во поглед на хемиските својства, средството за заштита на растенијата мора да ги исполнува следните услови:

1) да содржи активна материја со минимална чистота во количината означена во барањето од член 3 на овој правилник, со дозволени отстапувања, со тоа што за средствата што се користат за фумигација тие отстапувања не се дозволуваат;

2) да не содржи придружни материи во штетни количини;

3) во поглед на хемиските својства да нема негативни последици (корозивност и др.)

Дозволените отстапувања на содржината на активна материја во средството во заштита на растенијата изнесуваат:

| Содржина на активна материја во средство | | Дозволено отстапување (±) |
|---|---|---|
| од 0,0% | до 2,5% | 15% |
| од 2,5% | до 10% | 10% |
| од 10% | до 25% | 6% |
| од 25% | до 50% | 5% |
| преку 50% | | 5% |

Член 16

Во поглед на физичките својства, средството за заштита на растенијата мора да ги исполнува следните услови:

1) остатокот на средството на сито, со влажна постапка, да не изнесува повеќе од 2% честици поголеми од 75 микрометри — за прашива за запрашување, а 1% честици поголеми од 44 микрметри — за формулации за суспензија;

2) суспензијата во стандардно тврда вода по 30 минути да има најмалку 60% треперливи честици;

3) гранулираните средства да ја имаат следната гранулометриска структура и тоа:

— за микрогранули од 150 до 300 микрометри, без присуство на прав (честици под 100 микрометри), дозволено е отстапување до 1% гранули под 150 микрометри и до 4% гранули над 300 микрометри, без присуство на агломерат;

— за гранули од 200 до 1.000 микрометри, без присуство на прав (честици под 100 микрометри) дозволено е отстапување до 2% гранули под 200 микрометри и до 3% гранули преку 1.000 микрометри, без присуство на агломерат;

— за гранулирани мешаници на средства за заштита на растенијата со вештачки ѓубриња од 1.000 до 5.000 микрометри (минимум 95%) е дозволено отстапување од ±5%, без присуство на прав (честици под 100 микрометри) и агломерат;

4) средството да не е самозапално и точката на палење во затворен апарат да не е пониска од 23°C и да не постои опасност од спонтано палење при употребата на начинот означен во барањето;

5) стабилноста на емулзијата да е добра во стандардно тврда вода;

6) процесот на квасење на средството во стандардно тврда вода со рачно мешање да не трае повеќе од 30 секунди.

Член 17

Во поглед на биолошките својства, средството за заштита на растенијата мора да ги исполнува следните услови:

1) ефикасноста на средството за сузбивање на складишни штетници во затворен простор за фумиганти да е 100%, а за другите средства — најмалку 95%;

2) ефикасноста на средството за дезинфекција на семе за тилетициди — да е најмалку 99,8%, а за другите средства најмалку 95%;

3) другите средства за заштита на растенијата да се најмалку 90% ефикасни односно нивната ефикасност да е најмалку на нивото на ефикасноста на средството за заштита на растенијата што веќе се користи за иста намена (стандардно средство).

Член 18

Во поглед на дејството на средството за заштита на растенијата врз третираните растенија и човековата средина, средството ги исполнува условите ако врз нив не влијае негативно.

Средството за заштита на растенијата е погодно за употреба само ако при неговото применување можат да се обезбедат потребните мерки на претпазливост.

**4. Издавање на дозвола за пуштање во промет на средство за заштита на растенијата**

Член 19

Врз основа на извештајот за резултатите од испитувањето на средството за заштита на растенијата, токсиколошката оцена и мислењата и предлозите на Комисијата за средства за заштита на растенијата, Сојузниот комитет за земјоделство донесува решение за издавање на постојана или привремена дозвола, решение за продолжување на важењето на дозволата за пуштање во промет на средството за заштита на растенијата или решение за одбивање на издавање дозвола за пуштање во промет.

Член 20

Решението за издавање на постојана или привремена дозвола, односно решението за продолжување на важењето на дозволата за пуштање во промет на средство за заштита на растенијата, мора особено да ги содржи следните податоци:

1) за фирмата, односно назив и адреса на производителот на средството за заштита на растенијата;

2) за странскиот производител и фирма, односно назив и адреса на неговиот овластен застапник во Југославија;

3) за странскиот производител и фирма односно назив и адреса на организацијата на здружен труд со која односното средство странскиот производител го произведува во кооперација;

4) назив на средството;

5) за видот и содржината на активни материи, нивниот хемиски назив и за другите состојки во средството;

6) за формата на формулацијата на средството;

7) за физичките својства на средството;

8) за видовите на растителни болести, штетници, плевели односно групи на тие растителни болести, штетници и др. против кои може да се употреби средството;

9) за количините односно концентрациите во кои може да се употреби средството, како и за примената на средството на помали површини (на 100 m² или во 10 литри вода);

10) за дејството на средството врз растенијата, а посебна за можното негативно дејство врз одгледуваните растенија;

11) за отровноста на средството за човекот, пчели, риби и топлокрвни организми и за групата на отрови на која и припаѓа;

12) време за кое на третираните површини и објекти не се дозволува пристап на луѓе (работна забрана) на домашни животни;

13) последен рок за примена односно временски интервал меѓу последната примена на средството и бербата односно жетвата (каренца);

14) најголем дозволен број на третирања во текот на годината на ист објект односно на иста површина;

15) за можноста за користење на средството од воздухоплов;

16) време кога средството подлежи на повторно испитување (ревизија на дозволата).

Член 21

Измени и дополненија на решението со кое е издадена дозвола за пуштање во промет на средство за заштита на растенијата се вршат во следните случаи:

1) ако производителот на средството за заштита на растенијата за кое е издадена постојана дозвола за пуштање во промет сака да ја измени содржината на активна материја или на други материи што влијаат врз измена на хемиските и физичките својства на средството. Тој во таков случај мора да поднесе барање за испитување на средството во смисла на член 3 од овој правилник;

2) ако производителот на средството за заштита на растенијата за кое е издадена постојана дозвола за пуштање во промет сака да го прошири бројот на растителните болести, штетниците, плевелите и другите штетни организми против кои треба да се примени средството, да ги измени количините односно концентрациите за негова употреба или да ја измени коренцата. Во тој случај мора да поднесе барање за испитување само на оние својства на средството за кои се бара измена.

Барање за испитување на средството од став 1 на овој член се поднесува до овластената организација, а копија од тоа барање и барање за измена и дополнение на решението од став 1 на овој член се поднесуваат до Сојузниот комитет за земјоделство.

Член 22

По исклучок од одредбите на член 21 став 1 од овој правилник. решение за измена односно дополнение на дозволата за пуштање во промет на средство за заштита на растенијата може да се донесе и без повторно испитување на средството, ако производителот на средството за заштита на растенијата сака да го измени називот на средството или фирмата односно називот на производителот на средството, на неговиот застапник или кооперант.

Барање од став 1 на овој член се поднесува до Сојузниот комитет за земјоделство.

## III. НАЧИН НА ДЕКЛАРИРАЊЕ НА СРЕДСТВОТО ЗА ЗАШТИТА НА РАСТЕНИЈАТА

Член 23

На оригиналното пакување на средството за заштита на растенијата што се пушта во промет мора да се стави декларација која ги содржи следните податоци:

1) назив на средството и форма на формулацијата;

2) намена на средството;

3) содржина на сите активни материи, вообичаен назив и хемиски состав;

4) отровност за човекот, за пчели, риби и топлокрвни животни;

5) датум на производство;

6) рок на употреба;

7) број и датум на дозволата и назив на органот што ја издал дозволата;

8) услови за складирање, односно чување на средството;

9) начин на употреба на средството;

10) предупредување: „Пред употреба на средството задолжително да се прочита приложеното упатство";

11) можност за користење на средството од воздухоплов;

12) податок за фирмата односно назив и адреса на производителот, на неговиот застапник и кооперант;

13) нето-маса или зафатнина на пакувањето.

Ако средството за заштита на растенијата е отровно или запаливо, во декларацијата од став 1 на овој член тоа мора видно да се назначи.

Член 24

Кон секое пакување на средството за заштита на растенијата се прилага и упатство за употреба, кое е усогласено со неговата дозвола, а кое содржи: назив на средството, форма на производството — формулацијата; податоци за содржината на активни материи и на други додатни материи што влегуваат во составот на формулацијата, а спаѓаат во отрови (именување на секоја материја посебно, со означување на нејзините количини); намена на средството, со означување на количините односно концентрациите за односната намена со наведување на користењето на помали површини; начин на применување на средството за употреба, со означување на видот на опремата и уредите за применување на средството, а посебно за можноста за користење на средството од воздухоплов; податоци за отровноста на средството за човекот, за пчели, риби и топлокрвни животни (домашни животни, дивеч и птици); податоци за симптомите на труење, за дејството на средството врз човекот, укажувањето прва помош, противотровот (ентидот) и лекувањето; податоци за евентуалното негативното дејство на средството врз растенијата; начин на уништување на преостанатите количини на средството и амбалажата; мерки на претпазливост при ракувањето и применувањето на средството, како и мерки за заштита на човековата средина од штетнотото дејство на средството; податоци за каренцата и работната забрана; податоци за фирмата односно назив на производителот на средството, а ако се работи за странски производител — и назив на работната организација со која односното средство го произведува во кооперација.

Член 25

Декларацијата на оригиналното пакување на средството за заштита на растенијата мора да биде печатена на еден од јазиците на народите на Југославија, а упатството за примена на тоа средства — на сите јазици на народите на Југославија и на јазиците на албанската и унгарската народност.

Декларацијата мора да биде јасна, добро видлива во работни услови и напишана така што да не може да се избрише или симне.

## IV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 26

Издавање на постојана или привремена дозвола за пуштање во промет на средство за заштита на растенијата за кое е поднесено барање за издавање на дозвола пред денот на влегувањето во сила на овој правилник, ќе се врши според прописите што важеле во моментот на поднесувањето на тоа барање.

Член 27

Усогласување на текстовите на декларациите и упатствата за употреба на средствата за заштита на растенијата за чие пуштање во промет дозволи се издадени пред денот на влегувањето во сила на овој правилник. мора да се изврши во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој правилник.

Усогласување на текстовите на декларациите и упатствата за употреба на средствата за заштита на растенијата што можат да се користат од воздухоплов се врши во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој правилник.

Заради усогласување на текстовите на декларациите и упатствата од став 2 на овој член, подносителот на барањето е должен да прибави мислење од две овластени организации.

Член 28

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за постапката за издавање дозвола за пуштање во внатрешен промет на средства за заштита на растенијата, за критериумите за оцена на ефикасноста на тие средства и за начинот на нивното декларирање („Службен лист на СФРЈ", бр. 47/77).

Член 29

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 10154/1
28 февруари 1983 година
Белград

Претседател на
Сојузниот комитет за
земјоделство,
д-р **Милорад Станоевиќ**, с. р.

---

**184.**

Врз основа на член 3 став 5 од Законот за заштита на растенијата од болести и штетници што ја загрозуваат целата земја („Службен лист на СФРЈ", број 74/82), Сојузниот комитет за земјоделство донесува

## ЛИСТА

### НА КАРАНТИНСКИ И ЕКОНОМСКИ ШТЕТНИ РАСТИТЕЛНИ БОЛЕСТИ И ШТЕТНИЦИ

I. КАРАНТИНСКИ РАСТИТЕЛНИ БОЛЕСТИ И ШТЕТНИЦИ

А. Група

**Бактерии**

1. Agrobacterium rhizogenes (Riker et al.) Conn.
2. Corynebacterium insidiosum (Mc. Colloch) Jensen
3. Corynebacterium sepedonicum (Spieck. et Kotth.), Skapt. et Brukh.
4. Erwinia amylovora (Burrill) Winsow et al.
5. Erwinia chrysanthemi (Burkh.) Mc Fadden et Dimock.
6. Erwinia stewartii (Smith) Dye
7. Pseudomonas caryophylli (Burkh.) Starr et Brukh.
8. Pseudomonas solanacearum (Smith) Smith
9. Xanthomonas ampelina Paragopoulos
10. Xanthomonas campestris pv. citri (Hasse), pv. hyacinthi (Wakker), pv. oryzae (Ishiyama), pv. oryzicola (Fang. et all.) i pv. pruni (Smith) Dye
11. Xanthomonas fragariae Kennedy et King
12. Xanthomonas populi (Ride) Ride et Ride

**Вируси, микоплазми и на нив слични организми**

1. Флавесценс доре (Grapevine flavescence dorée mycoplasm)
2. Латентна црна вироза на малина (Blac raspberry latent virus)
3. Микоплазматична розета на праската (Peach rosette mycoplasm)
4. Микоплазматична хлоротична свитканост на листот од кајсија (Apricot chlorotic teafroll mycoplasm)
5. Микоплазматично жолтеење на праската (Peach yellows mycoplasm)
6. Мозаик на праската, американски сој (Peach mosaic virus, American)
7. Некротично 'рѓест мозаик на црешната (Cherry necrotic rusty mottle disease)
8. Неевропски вируси, вклучувајќи ги оне што се веќе констатирани во Европа, и ним слични организми на компирот (Non European potato viruses & virus like organisms including non Europaen strains of viruses occurring in Europe)
9. Некроза на флоемот на брестот (Elm phloem necrosis mycoplasm)
10. Рана кафеавост на грашокот (Pea early browing virus)
11. Рикеција на праската (Peach phony rickettsia)
12. Ситничавост на јаболката (Apple chat fruit mycoplasm)
13. Тристеза на цитрусот (Citrus tristeza virus)
14. Овенување на крушата (Pear decline mycoplasm)
15. Овенување на ружата (Rose wilt disease)
16. Вештичина метла на јаготката (Strawbery witches 'broom mycoplasm)
17. Вироид на неразвиеноста на хризантемата (Chrysanthemum stunt viroid)
18. Вирус на кадравоста на листот на репката (Beet leaf curl virus)
19. Вирус на рапавоста на листот од црешната (Cherry rasp leaf virus, American)
20. Вирус на кадравоста на врвовите од репката (Beet cirly top virus)
21. Вирус на линискиот мозаик на сливата, (Plum line patteru virus, American)
22. Вирус на прстенестата некротичност на прунусот (Prunus necrotic ringsport virus)
23. Вирус на прстенестата дамкосаност на малината (Raspherry ringspot virus)
24. Вирус на свитканоста на листот од црешната (Cherry leafroll virus)
25. Вируси на кадравоста на листот од малината (Raspberry leaf curl viruses, American)
26. Вирус на пругастиот мозаик на јачменот (Barley stripe mosaic virus)
27. Вирус на пругавоста на нервите на јаготката (Strawberry vein-banding virus)
28. Вирус на вретенатоста на коренот од компирот (Potato spindle tuber viroid)
29. Х микоплазматично заболување (H disease mycoplasm)

**Габи**

1. Angiosorus solani Thirum.et O'Brien
2. Atropellis spp.
3. Caratocystis fagacearum (Bretz.) Hunt.
4. Ceratocystis fimbriata Ell. et Halsted f.sp. platani (Walter)
5. Cercospora pini-densiflorae Hori et Nambu
6. Chrysomyxa arctostaphyli Dietal
7. Cochliobolus heterostrophus (con, st. Drechslera maydis-Helminthosporium maydis) Drechsler
8. Cronatrium spp. (неевропски видови)
9. Dibotryon morbosum (Schw) Theiss. et Sydow
10. Didymella chrysanthemi (Tassi) Gar. et Gull.

11. Diplodia macrospora Earle
12. Diplodia maydis (Berk) Sacc.
13. Endocronatium harkhessi (J.P. Moore) Y Hirat.
14. Fusarium oxysporum Schlecht f.sp. albedinis (Killian & Maire) Gord
15. Glomerella gossypii Edg.
16. Cuignardia laricina (Saw.) W. Yamamoto et K. Ito
17. Gymnosporangium spp. (неевропски видови)
18. Hamaspora longissima (Thüm) Körn.
19. Hypodermella sulcigena (Roster.) Tubeuf.
20. Hypoxylon mamatum (Wahlenb) J. Miller
21. Melampsora farlovii (Arth.) Davis
22. Melampsora medusae Thüm
23. Mycosphaerella larici — leptolepis K. Ito et al.
24. Mycosphaerella populorum G. E. Thompson
25. Ophiostoma roboris C. Georgescu et I. Teodoru
26. Peridermium kurilense Diet
27. Phacidium infestans Karst
28. Phialophora cinerescens (Woll.) v. Beyma
29. Phoma andina Turken
30. Phoma exiqua var. foveata (Foister) Boerema
31. Phyllosticta solitaria Ellis et Everh.
32. Phymatotrichum omnivorum (Shear) Duggar
33. Physalospora zeae Stout.
34. Physoderma maydis (Miyabe) Miyabe
35. Phytophthora cambivora (Petri) Buism.
36. Phytophthora fragariae Hickman
37. Phellinus weirii (Murr.) Gilbertson
38. Sclerospora maydis (Racib.) Butler
39. Sclerospora sorghi Weston et Uppal
40. Sclerotinia bulborum (Wakk.) Rehm.
41. Sclerotium rolfsii Sacc.
42. Septoria lycopersici var. malagutii Ciccarone et Boerema
43. Tilletia contraversa Kühn.
44. Tilletia indica Mitra
45. Uromyces transversalis Wint.

**Паразитни цветници**

1. Arceuthobium spp. (неевропски видови)

**Инсекти**

1. Acleris variana Fern.
2. Aleurocanthus woglumi Ashby
3. Anomala orientalis Waterh.
4. Anthonomus grandis Boh.
5. Araeocerus fasciculatus de Geer
6. Callosobruchus chinensis L.
7. Callosobruchus maculatus F.
8. Caulophilus oryzae Gyll.
9. Conotrachelus nenuphar Herbst
10. Cydia prunivora Walsh.
11. Diaphorina citri Kuw.
12. Epichoristodes acerbella Walk.
13. Epilachna varivestis Muls
14. Epithrix spp. (неевропски видови)
15. Hylurgopinus rufipes Eichh
16. Isoptera (неевропски видови)
17. Lyctus spp. (неевропски видови)
18. Megastigmus spp. (неевропски видови)
19. Pantomorus leucoloma Boh.
20. Pissodes spp. (неевропски видови)
21. Platyedra malvella Hbn.
22. Popillia japonica Newan
23. Premnotrypes spp. (андски видови)
24. Prostephenus truncatus Horn.
25. Pseudococcus comstocki Kuw.
26. Pyroderces rileyi Wals
27. Trypetidae (неевропски видови)
28. Scolytidae (неевропски видови)
29. Spodoptera littoralis Bois
30. Spodoptera litura Fab.
31. Toxoptera citricida Kirk.
32. Trioza erythreae Del. Guer.
33. Trogoderma granarium Everts
34. Xylosandrus germanus Blandf.

**Нематоди**

1. Aphelenchoides besseyi Christie
2. Ditylenchus destructor Thorne
3. Heterodera glycines Ichinohe
4. Globodera pallida (Stone) Malvey et Stone
5. Globodera rostochiensis (Woll) Mulvey et Stone
6. Nacobbus aberrans Thorne et Allen
7. Radopholus similis (Cobb) Thorne
8. Xiphinema americanum Cobb.

Б. Група

**Бактерии**

1. Agrobacterium tumefaciens (Smith et Towsend) Conn.
2. Corynebacterium flaccumfaciens (Hedg) Dow.
3. Corynebacterium michaganense (E.F. Smith) Jensen
4. Pseudomonas syringae pv. glycinea (Coerper) i pv. pisi (Sackett) Young et al.
5. Pseudomonas savastanoi (E.F. Smith) Stevens
6. Xanthomonas corylina (Miller et ell) Starr et Burk.
7. Xanthomonas campestris pv. phaseoli (E.F. Smith) Dye

**Вируси и микоплазми**

1. Инфективна дегенерација на лозата (Grapevine Fanleaf virus)
2. Мозаик на салатата (Lettuce mosaic Virus)
3. Пролиферација на јаболкото (Apple proliferation mycoplasm)
4. Столбур (Stolbur mycoplasm)
5. Шарка кај сливата (Plum pox virus)
6. Свитканост на листот од грашокот (Pea leaf rolling virus)
7. Вируси на сојата (Soybean viruses)
8. Жолтица кај репката (Beet yellows)

**Габи**

1. Endothia parasitica (Murr.) Anderson et Anderson
2. Isariopsis griseola Sacc.
3. Puccinia horiana P. Henn.
4. Scirrhia accicola (Dearn) Siggers
5. Scleroderris lagerbergii Gremmen
6. Synchitrium endobioticum (Schilb.) Perc.
7. Urocystis cepulae Frost

**Инсекти**

1. Cacoecimorpha pronubana Hbn.
2. Ceratitis capitata (Wied)
3. Daktylosphaira vitifoliae (=Viteus vitifolii) Fitch

4. Helicoverpa armigera Hb.
5. Liriomyza trifolii Burgess
6. Pectinophora gossypiella (Saund.)
7. Quadraspidiotus perniciosus (Comst)
8. Taeniothrips simplex (Morison)

II. ЕКОНОМСКИ ШТЕТНИ РАСТИТЕЛНИ БОЛЕСТИ И ШТЕТНИЦИ

**Бактерии**

1. Pseudomonas lacrimans (Smith et Brayan) Carsn.
2. Pseudomonas syringae pv. persicae (Prunier et al) Young et al.
3. Pseudomonas tomato (Ok) Alst.
4. Pseudomonas tabaci (Wolf. et Roster) Stev.
5. Streptomyces scabies (Thosthe) Woksman.
6. Xanthomonas juglandis (Pierc) Dows.
7. Xanthomonas malvacearum (Smith) Dows.
8. Xanthomonas vesicatoria (Doidge) Dows.

**Вируси, микоплазми и ним слични организми**

1. Вироид на пукањето на кората кај цитрусот (Citrus exocortis viroid)
2. Вируси кај тутунот (Tomato spotted wilt virus, Tobbaco mosaic virus, Tobbaco ringsport virus, Tobbaco necrosis virus)
3. Вируси кај компирот и кај другите Solanaceaea (Potato virus X, Potato virus Y, Potato virus A, Potato leafroll virus, Aucuba virus, Tobbaco mosaic virus, Tomato spotted wilt virus и Tomato ringspot virus).
4. Вируси на мозаикот кај краставицата (Cucumber mosaic virus)
5. Вирус на мозаикот кај луцерката (Alfalf mosaic virus)
6. Вирус на мозаикот кај смоквата (Fig mosaic virus)
7. Вируси кај пиперката (Cucumber mosaic virus, Tobbaco mosaic virus, Alfalfa mosaic virus)
8. Вирус на свитканоста на листот од виновата лоза (Leafroll virus).

**Габи**

1. Alternaria spp.
2. Ascochyta spp.
3. Botrytis cinerea Pers
4. Bremia lactucae Regeli
5. Ceratocistis ulmi (Buis.) C. Moreau
6. Cercospora spp.
7. Clasterosporium carpophilum (Lev) Aderh.
8. Claviceps purpurea Tul.
9. Cocomices hiemalis Higg.
10. Colletotrichum spp.
11. Coryneum cardinale Wag.
12. Corynospora melonis (Sooke) Lindan
13. Cronartium flaccidum (Alb et Schw.) Wint
14. Cronartium ribiocola J.C. Fisher
15. Dydymella applanata Sacc.
16. Dydymella lycopersici Klod.
17. Erysiphe spp.
18. Fomes annosus (Fr.) Cooke
19. Fusarium spp.
20. Helminthosporium spp.
21. Kabatiella spp.
22. Lophodermium pinastri (Schard) Chev.
23. Lophodermium seditiosum S. Minter & Steley et Millar
24. Mycosphaerella spp.
25. Marssonina brunnea (Ell. et. Ev) P. Magh.
26. Melampspora pinitoiqua Rost.
27. Nectria galligena Bres
28. Nigrospoa oryzae Acc.
29. Peronospora spp.
30. Phoma lingam (Tade et Schw) Desm.
31. Phoma spp.
32. Phomopsis helianthi Munt.
33. Phomopsis viticola Sacc.
34. Phytophthora spp.
35. Plasmopara helianthi (Parl) Berlese et de Toni
36. Plasmopara viticola (B.et.C) Berlase et de Toni
37. Piricularia oryzae Br. et Sav.
38. Polystigma rubrum (Pers) de Coud.
39. Podosphaera leucotricha (Ell et. Ev) Salm.
40. Pseudoperonospora humuli Wise.
41. Puccinia spp.
42. Rhabdocline pseudotsugae Syd.
43. Rhizoctonia solani Kühn
44. Sclerospora macrospora (Sacc) Thiran et al.
45. Sclerotina spp.
46. Septoria spp.
47. Sorosporium reilianum (Kühn) Mc. Alp.
48. Sphaerotheca pannosa var. persicae (Walr) Lev.
49. Spoaeropsis mallorum Berk
50. Spongospora subterranea (Wallr.) John.
51. Stemphilium spp.
52. Taphrina spp.
53. Tilletia spp.
54. Tranzchelia pruni-spinozae (Pers.) Dit.
55. Trichothecium roseum Link.
56. Uncinula necator (Schw) Burr.
57. Ustilago spp.
58. Venturia inaequalis (Cooke) Aderh.
59. Venturia pyrina (Bref) Aderh.
60. Verticilium albo-atrum Reinke et Berth.

**Паразитни цветници**

1. Cuscuta spp.
2. Orobanche spp.

**Штетници**

1. Agrilus sinuatus Oliv.
2. Anarsia lineatella Zell.
3. Argyresthia fundella F.R.
4. Bothynoderes punctiventris Germ.
5. Calliptamus italicus L.
6. Ceroplastes rusci L.
7. Coleophora laricella Hbn.
8. Contarinia medicaginis Kieffer
9. Cryptorrhynchus lapathi L.
10. Dacus oleae Rossi
11. Dioryctria abietella Schiff
12. Diprion pini L.
13. Dreyfusia nordmannianae Eckst.
14. Dociostaurus maroccanus Thunb
15. Doryphora (=Leptinotarsa) decemlineata Say
16. Elateridae
17. Eriosoma lanigerum Hsm.
18. Ernobius spp.
19. Eurygaster spp.

20. Euproctis chrysorrhoea L.
21. Euxoa temera Hbn.
22. Hyphantria cunea Drury
23. Icerya purchasi Mask.
24. Laspeyresia (=Carpocapsa, Sydia, Grapholitha) spp.
25. Leucoma salicis L.
26. Loxostege sticticalis L.
27. Mamestra brassicae L.
28. Megaselia rufipes Mg
29. Megastigmus spp.
30. Metolontha spp.
31. Neodiprion sertifer Geofr.
32. Operophthera brumata L.
33. Oscinella frit L.
34. Ostrinia (=Pyrausta) nubilalis Hbn.
35. Paranthrene (=Sciapteron) tabaniformis Rott.
36. Phorbia (=Chortophila) laricicola Karl.
37. Phthorimea opericulella Zell.
38. Phytodecta fornicata Brügg.
39. Pissodes spp.
40. Porthetria (=Lymantria) dispar L.
41. Prays oleaellus Bern.
42. Pseudococcus citri Fern.
43. Psylla spp.
44. Rhyacionia buoliana Schiff.
45. Reseliella piceae Seith.
46. Sacchipanthes spp.,
47. Scaphoideus littoralis Ball.
48. Scotia segetum Schiff,
49. Scolytidae,
50. Saperda spp,
51. Thaumatopoea pityocampa Schiff,
52. Tortrix viridana L,
53. Thirps tabaci L,
54. Складишни штетници Acanthoscelides obtectus Say, Bruchus, Pisorum L., Ephesthia spp, Cryptolestes spp., Oryzaephylus spp., Plodia interpunctella Hb., Rhizopertha dominica L., Sitophilus spp., Sitotroga cereallela 01, Tenebrioides mauritanicus L., Tenebrio molitor L. i Tribolum spp.
55. Штетни вошки од фамилијата Aphidae
56. Штетни глодари: Apodemus spp, Arvicola terestis L, Cricetus cricetus L. Microtus spp, Mus musculus L. Pytymus spp. и Rattus spp.
57. Штетни молци од родовите: Tetranichus, Panonicus, Eriophies, Tarsonemus и Phylocoptes

**Нематоди**

1. Anguina tritici (Steinb.) Filipjev
2. Aphelenchoides fragariae (Rtzb) Christie
3. Heterodera schachti Schm.
4. Ditylenchus dipsaci (Kühn) Filipjev
5. Meloidogyne spp.
6. Xiphinema index Cobb.

Оваа листа влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 1309/1
4 март 1983 година
Белград

Претседател
на Сојузниот комитет за земјоделство,
**д-р Милорад Станоевиќ**, с. р.

**185.**

Врз основа на член 167 став 3 и член 189 став 6 од Царинскиот закон („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/76, 36/79, 52/79, 12/82 и 61/82), директорот на Сојузната управа за царини пропишува

## ПРАВИЛНИК

### ЗА ЦАРИНСКИОТ НАДЗОР И ЗА ПОСТАПКАТА ВО МЕЃУНАРОДНИОТ ВОЗДУШЕН СООБРАЌАЈ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат посебните мерки на царинскиот надзор над воздухопловите, стоките, багажот, патниците и членовите на екипажот, што се наоѓаат на делот на воздухопловното пристаниште определен за меѓународен воздушен сообраќај и начинот на пријавување и мерките на царинскиот надзор над резервните делови и деловите за замена за воздухопловите што сообраќаат со странство.

**I. Посебни мерки на царинскиот надзор на воздухопловното пристаниште определено за меѓународен воздушен сообраќај**

Член 2

Делот на воздухопловното пристаниште што е определен за меѓународен воздушен сообраќај се состои, во смисла на член 167 став 2 од Царинскиот закон, од царинска платформа, чекалница наменета за патниците во меѓународниот воздушен сообраќај (во натамошниот текст: транзитна сала) и простории за преглед на патниците и нивниот багаж.

Член 3

Како царинска платформа се смета делот на воздухопловната платформа на кој се наоѓа воздухопловот што сообраќа со странство.

Организацијата на здружен труд што врши аеродромски услуги навремено ја известува царинарницата на кој дел од воздухопловната платформа ќе се постави воздухопловот што сообраќа со странство.

Царинарницата обезбедува на царинската платформа непосреден царински надзор, и тоа над воздухопловите што доаѓаат од странство — непосредно по слетувањето, а над воздухопловите што заминуваат во странство — половина час пред полетувањето (член 176 од Царинскиот закон).

Член 4

Транзитната сала мора да биде така обезбедена што да е оневозможено влегување и излегување на лица, односно внесување и изнесување на стоки без царински надзор.

Покрај патниците и членовите на екипажот на воздухопловите што патуваат во странство, односно што се во превоз преку царинското подрачје на Југославија, во транзитната сала можат да влегуваат само лицата што вршат службена должност (персоналот на воздухопловното пристаниште и возачите што работат во транзитната сала, царинските работници, работниците на органите за внатрешни работи).

По исклучок од одредбата на став 2 од овој член, ако на воздухопловното пристаниште се дочекуваат, односно се испраќаат југословенски или странски државници, членови на делегации и други лица во официјална посета на странство односно на Југославија, во транзитната сала можат, во согласност со протоколот, да влегуваат и други лица (придружба, обезбедување, сниматели, фоторепортери, преведувачи).

Член 5

На делот на воздухопловното пристаниште што е определен за меѓународен воздушен сообраќај можат да се наоѓаат само патниците што заминуваат во странство, односно доаѓаат од странство и лицата, што имаат одобрение од надлежниот орган за внатрешни работи.

При пристигањето на делот на воздухопловното пристаниште што е определен за меѓународен воздушен сообраќај, односно при заминувањето од тој дел на воздухопловното пристаниште, сите лица подлежат на мерките на царинскиот надзор како лица што ја преминуваат царинската линија.

По поставувањето на воздухопловите што доаѓаат од странство на царинската платформа, царинарницата врши преглед на воздухопловите.

За време на царинскиот преглед други лица не можат да се доближуваат до воздухопловот без одобрение од царинарницата.

Член 6

Истовар на стоките од воздухопловот се врши во присуство на возарот на организацијата на здружен труд што е овластена од возарот да ги преземе и да ги превезе стоките по истоварот до местото што ќе го определи царинарницата за сместување на стоките, и царинскиот работник кој ја утврдува состојбата на пакувањето на колетите и ги срамнува податоците за бројот и за ознаките на колетите од манифестот со податоците врз колетите.

Состојбата на пакувањето на колетите се утврдува и срамнувањето на податоците за бројот и за ознаките на колетите од манифестот со податоците врз колетите може да се врши и непосредно пред сместувањето на стоките на место што го определила царинарницата, ако стоките се допремаат во палети и контејнери или ако се истоварени голем број колети.

Ако утврди дека состојбата на стоките одговара на податоците од манифестот, царинскиот работник тоа го потврдува на два примерока од манифестот, односно изводи од манифестот од кои еден примерок останува кај капетанот на воздухопловот односно кај лицето што тој ќе го овласти, а другиот примерок се прилага кон пријавата за увоз и провоз на стоки.

Ако при истоварот на стоките од воздухопловот се утврди дека податоците од манифестот не се сложуваат со состојбата на стоките во поглед на количината и ознаките на колетите, дека колетите се оштетени или дека стоките од нив на кој и да е начин се растураат, царинскиот работник за тоа составува забелешка на манифестот, а организацијата на здружен труд овластена од возарот да ги преземе и превезе стоките по истоварот од воздухопловот до местото што го определила царинарницата за сместување на стоките составува записник што го потпишуваат возарот и царинскиот работник.

Ако при истоварот на стоките од воздухопловот се утврди дека багажот пристигнал одвоено од сопственикот, со него се постапува согласно со одредбите од овој правилник за царинската постапка со багажот што не пристигнал со патниците.

Член 7

Истоварените стоки се сместуваат во царински магацин, царинско стовариште или царински склад на воздухопловното пристаниште врз основа на манифестот, односно изводот од манифестот.

Ако возарот стоките ѝ ги предава на царинарницата, поднесува пријава за увоз и провоз на стоки, а ако возарот овласти друга организација на здружен труд стоките да ѝ ги предава на царинарницата, пријава за увоз и провоз на стоки поднесува таа организација на здружен труд.

Пријавата за увоз и провоз на стоки мора да се поднесе до царинарницата најдоцна во рок од пет часа од истоварот на стоките од воздухопловот, а на воздухопловното пристаниште на кое не е организирана постојана служба, пријавата мора да се поднесе најдоцна до 12 часот наредниот ден од денот на истоварот на стоките од воздухопловот.

Член 8

По исклучок од одредбите на член 7 од овој правилник, ако од воздухопловот се истоваруваат стоки во провоз што ќе се натоварат во друг воздухоплов заради натамошен превоз, возарот односно организацијата на здружен труд што ги презела стоките од возарот не е должна да поднесе пријава за увоз и провоз на стоки, под услов претоварот да се изврши во рок од дванаесет часови. Во тој случај, на дојдувачкиот и заминувачкиот манифест се назначува врската.

За стоките од став 1 на овој член за кои не е поднесена пријава за увоз и провоз на стоки одговара возарот, односно организацијата на здружен труд што ги презела стоките од возарот.

Член 9

Ако стоките во провоз преку царинското подрачје на Југославија се упатуваат на друго воздухопловно пристаниште во Југославија заради натамошна отпрема во странство, царинскиот надзор над стоките се спроведува врз основа на Посебниот стоковен манифест за царински стоки, на кој видно е назначено дека се во прашање стоки во провоз.

На воздухопловното пристаниште од став 1 на овој член не се поднесува пријава за увоз и провоз на стоки, туку податоците за стоките од Посебниот стоковен манифест за царински стоки се евидентираат во контролникот на извозните и провозните стоки.

Контролникот на извозните и провозните стоки се раздолжува со заминувачкиот манифест врз основа на кој стоките во провоз се упатуваат во странство.

Член 10

Ако стоките се упатуваат со воздухоплов до друга царинарница заради царинење, возарот го поднесува до Царинарницата Посебниот стоковен манифест за царински стоки, во осум примероци.

Царинарницата ги заверува сите примероци на манифестот од став 1 на овој член, од кои еден примерок задржува, а другите седум примероци му ги предава на возарот, од кои возарот задржува два примерока, а еден примерок му предава на држателот на складот.

Манифестот од став 1 на овој член царинарницата го заведува во Контролникот на посебниот стоковен манифест и определува рок за предавање на стоките.

Возарот ѝ ги предава на приемната царинарница стоките и четири примероци на манифестот од став 1 на овој член. Приемната царинарница ги заверува сите четири примероци, од кои два примерока му враќа на возарот, а еден итно доставува до отпремната царинарница како потврда за приемот на стоките.

Член 11

Натоварот на извозно оцаринетите стоки во воздухопловот се врши во присуство на царинскиот работник кој состојбата на стоките ја срамнува со податоците од манифестот и од исправите врз основа на кои е извршено извозното царинење, а, по потреба, и со преглед на стоките во колетите.

Ако утврди дека состојбата на стоките одговара на податоците од манифестот и од исправите врз основа на кои е извршено извозно царинење, царинскиот работник тоа го потврдува на примерок од манифестот.

Ако утврди дека состојбата на стоките не одговара на податоците од манифестот и од исправите врз основа на кои е извршено извозно царинење, ца-

ринскиот работник ќе постапи во смисла на член 286 од Царинскиот закон. Покрај составување на записник за утврдените неисправности на стоките, царинскиот работник става и забелешка врз манифестот и врз извозните царински исправи.

Ако состојбата на стоките се сложува со податоците од манифестот и од извозните царински исправи, но целокупните стоки не можат да се натоварат во воздухопловот, царинскиот работник за тоа става забелешка врз манифестот и врз извозната царинска декларација. Организацијата на здружен труд што ги презела стоките ги евидентира податоците за ненатоварените стоки во посебен контролник. Контролникот се раздолжува со бројот и датумот на исправата врз основа на која стоките дополнително се натоварени во воздухопловот.

Во случајот од став 4 на овој член, царинарницата не го потврдува соодветниот примерок од извозната царинска декларација, како потврда дека стоките се извезени, додека преостанатата количина на стоки не се натовари во воздухопловот и не се отпреми во странство.

Член 12

Царински преглед на воздухопловите, на екипажот, на патниците и на нивниот багаж што доаѓаат од странство на „чисти" и „комбинирани" линии, врши царинарницата на воздухопловното пристаниште на кое екипажот и патниците го напуштаат воздухопловот (член 180 став 2 од Царинскиот закон).

Патниците што го продолжуваат летот на други линии имаат приоритет при вршењето на царинскиот преглед во однос на другите патници.

Како „чиста" линија, во смисла на овој правилник, се смета летот на воздухопловот во меѓународниот сообраќај кога не се превезуваат патници, багаж и стоки во локалниот сообраќај.

Како „комбинирана" линија, во смисла на овој правилник, се смета летот на воздухопловот во меѓународниот сообраќај кога се превезуваат патници, багаж и стоки од повеќе „чисти" линии.

По исклучок од одредбата на став 1 од овој член, ако воздухопловот што доаѓа од странство лета на меѓународна линија само до првото слетно воздухопловно пристаниште, а натаму го продолжува летот на домашна линија, царинскиот преглед на воздухопловот, на екипажот, на патниците и на нивниот багаж се врши во смисла на член 180 став 1 од Царинскиот закон, независно од тоа дали воздухопловот прима патници во локалниот сообраќај или не прима.

Ако од оправдани причини царинарницата не изврши преглед на воздухопловот и на екипажот, на патниците и на нивниот багаж, ќе ја извести за тоа царинарницата на првото воздухопловно пристаниште на кое воздухопловот слетува.

Член 13

Царинскиот преглед на екипажот, на патниците и на нивниот багаж што се превезуваат со воздухопловот што сообраќа на „транзитни" линии, по правило не се врши, ако патниците и екипажот не го напуштаат воздухопловот или ако се задржуваат само во транзитната сала.

Како „транзитна" линија, во смисла на овој правилник, се смета летот на воздухопловот во меѓународниот сообраќај преку царинското подрачје на Југославија, кога воздухопловот според утврден ред на летање слетува на воздухопловно пристаниште во Југославија, како и кога слетува поради дефект, земање на гориво, метеоролошки причини и сл.

Член 14

Царински преглед на воздухопловот и на екипажот, на патниците и на нивниот багаж што доаѓаат од странство на „мешовити" линии, се врши во смисла на член 180 став 3 од Царинскиот закон.

Царинарницата што извршила царински преглед во смисла на член 180 став 3 од Царинскиот закон, ќе ја извести за тоа царинарницата на првото воздухопловно пристаниште на кое воздухопловот слетува.

Патниците во локалниот сообраќај од член 180 став 3 на Царинскиот закон и патниците во меѓународниот сообраќај што не предале багаж на превоз, се одвојуваат на воздухопловното пристаниште од другите патници во меѓународниот сообраќај веднаш по излегувањето од воздухопловот.

Како „мешовита" линија, во смисла на овој правилник, се смета летот на воздухопловот во меѓународниот сообраќај кога воздухопловот слетува на повеќе воздухопловни пристаништа во Југославија и прима патници во локалниот сообраќај.

Ако на барање од возарот, со согласност од надлежната царинарница и од органите за внатрешни работи, „чистата" линија е изменета во „мешовита" линија, надлежната царинарница за тоа ќе ја извести царинарницата на воздухопловното пристаниште на кое воздухопловот слетува.

Член 15

Царински преглед на воздухопловот и на екипажот, на патниците и на нивниот багаж што доаѓаат од странство на чартер линии се врши сообразно со одредбите од чл. 13 и 14 на овој правилник, ако воздухопловот не прима патници во локалниот сообраќај.

Ако воздухопловот што доаѓа од странство на чартер линија слетува на друго воздухопловно пристаниште во Југославија и прима патници во локалниот сообраќај, царински преглед на воздухопловот и на екипажот, на патниците и на нивниот багаж се врши во смисла на член 180 став 3 од Царинскиот закон.

По извршениот царински преглед во смисла на став 2 од овој член, воздухопловот го продолжува летот како воздухоплов на домашна линија.

Член 16

Царински преглед на воздухопловот и на екипажот, на патниците и на нивниот багаж, што заминуваат во странство на „чисти", „комбинирани" и „транзитни" линии, врши царинарницата на воздухопловното пристаниште на кое патниците и стоките се натоваруваат во воздухопловот (член 183 став 2 од Царинскиот закон).

Член 17

Царински преглед на воздухопловот и на екипажот, на патниците и на нивниот багаж што заминуваат во странство на мешовити линии се врши во смисла на член 183 став 4 од Царинскиот закон.

Патниците во локалниот сообраќај од член 183 став 4 на Царинскиот закон се одвојуваат на воздухопловното пристаниште од патниците во меѓународниот сообраќај веднаш по излегувањето од воздухопловот.

Член 18

Царински преглед на воздухопловот и на екипажот, на патниците и на нивниот багаж што заминуваат во страство на чартер-линии се врши сообразно на член 17 од овој правилник, ако воздухопловот не прима патници во локалниот сообраќај.

Ако воздухопловот што заминува во странство на чартер линија слетува на друго воздухопловно пристаниште во Југославија и прима патници во локалниот сообраќај, [illegible] пловот и на екипажот, на патниците и на нивниот багаж се врши во смисла на член 183 став 4 од Царинскиот закон.

Член 19

Царински преглед на патниците и на нивниот багаж што заминуваат во странство а до воздухопловното пристаниште од кое воздухопловот непосредно полетува за странство дошле на домашна линија, врши царинарницата на воздухопловното пристаниште од кое воздухопловот полетува за странство.

Возарот е должен багажот од став 1 на овој член („interlaing" багаж) да ѝ го предаде на царински преглед на царинарницата на воздухопловното пристаниште од кое воздухопловот полетува за странство.

Член 20

Екипажот на воздухопловот што сообраќа со странство има предност при царинскиот преглед.

Ако на воздухопловното пристаниште постојат технички и други можности, царинарницата може да определи царинскиот преглед на екипажот да се врши на посебно место.

Член 21

Царинскиот преглед на воздухопловите што заминуваат во странство се врши по контролата што ја вршат работниците на други органи (органи за внатрешни работи и др.).

По завршениот царински преглед, до полетувањето, кон воздухопловот може да се пристапи само по одобрение од царинарницата.

Член 22

Одредбите на овој правилник за мерките на царинскиот надзор над патниците и нивниот багаж и стоките, сообразно се применуваат врз домашните и странските воени воздухоплови, ако превезуваат стоки и патници согласно со член 8 став 3 од Царинскиот закон и ако полетуваат, односно слетуваат на воздухопловни пристаништа што не се отворени за меѓународен сообраќај.

## II. Царинска постапка со багажот што не пристигнал со патниците

Член 23

Багажот што во меѓународниот воздушен сообраќај не пристигнал со патниците (загубен багаж и сл.) возарот е должен да ѝ го пријави на царинарницата веднаш по слетувањето на воздухопловот со кој багажот пристигнал.

Багажот од став 1 на овој член се наоѓа под царински надзор до врачувањето на патникот, до враќањето во странство, односно до спроведувањето на царинската постапка пропишана со Царинскиот закон и со прописите донесени врз основа на Царинскиот закон.

Со рачниот багаж најден во воздухопловот се постапува како со багажот што не пристигнал со патниците.

Член 24

Багажот што не пристигнал со патниците се сместува во посебна просторија на службата за потрага (локална, односно централна).

Отворањето на посебни простории од став 1 на овој член се врши сообразно со прописите за отворање на царинско сместувалиште.

Член 25

Багажот што не пристигнал со патниците може во просториите од член 24 на овој правилник да лежи најдолго една година од денот на пристигањето.

По истекот на рокот од став 1 на овој член, багажот мора да се врати во странство или да ѝ се отстапи на царинарницата на слободно располагање.

Член 26

Податоците за багажот што не пристигнал со патниците се запишуваат во контролникот на патничкиот багаж пристигнат одвоено од сопственикот.

Член 27

Ако при сместувањето на багажот во посебни простории или за време на лежењето во тие простории треба да се прегледа багажот што не пристигнал со патниците, прегледот го врши комисија од три члена, од кои еден член е претставник на царинарницата, а два члена се претставници на возарот.

Комисијата од став 1 на овој член го запишува својот наод во записникот, што го составува во четири примероци. Еден примерок од записникот задржува царинарницата, а другите примероци му ги предава на возарот.

Член 28

Ако багажот се упатува на друга царинарница заради царинење и врачување на сопственикот, возарот ѝ поднесува на царинарницата Посебен манифест за патничкиот багаж што пристигнал одвоено од сопственикот, во шест примероци.

Член 29

Царинарницата ги заверува сите примероци на манифестот од член 28 на овој правилник, од кои еден примерок задржува, а другите пет примероци му ги предава на возарот од кои возарот задржува два примерока.

При упатувањето на багажот до друга царинарница, на багажот мора да се стави царинска пломба, а на манифестот од член 28 на овој правилник да се означи бројот на ставената царинска пломба.

Возарот ѝ го предава на приемната царинарница багажот и трите примероци на манифестот од член 28 на овој правилник. Приемната царинарница ги заверува сите три примероци на манифестот, од кои еден примерок му враќа на возарот, а вториот примерок итно ѝ го доставува на испратната царинарница како потврда за приемот на багажот.

Член 30

Ако при упатувањето на багажот на друга царинарница Посебниот манифест за патничкиот багаж што пристигнал одвоено од сопственикот се загуби на патот до приемната царинарница, возарот ѝ го предава на приемната царинарница багажот со посебна багажна налепница на Образецот бр. 1. По срамнувањето на податоците од таа налепница и од прегледот на багажот, приемната царинарница ги заверува и овие примероци на Посебниот манифест за патничкиот багаж што пристигнал одвоено од сопственикот, што ги составува возарот врз основа на податоците од налепницата и увидот во багажот.

Со новите примероци на Посебниот манифест за патничкиот багаж што пристигнал одвоено од сопственикот се постапува на начинот од член 29 став 3 на овој правилник.

Образецот бр. 1 од став 1 на овој член е отпечатен кон овој правилник и претставува негов составен дел.

Член 31

Ако багажот на патот од испратната царинарница до приемната царинарница поради виша сила е наполно уништен, возарот составува записник за увидот во два примерока од кои еден примерок ѝ доставува на испратната царинарница, а вториот примерок на уплатната царинарница.

Испратната царинарница, по приемот на записникот, ја раздолжува евиденцијата за упатената пратка.

Член 32

Ако сопственикот на багажот е патник што не може да присуствува на прегледот и царинењето на багажот, возарот ѝ поднесува на царинарницата писмена изјава од патникот (Извештај за нередовностите со личниот багаж — „ПИР").

Член 33

Ако возарот бара багажот да се врати во странство, царинарницата спроведува мерки на царински надзор како при редовното испраќање на багажот на патниците што заминуваат во странство.

Член 34

Ако багажот што не пристигнал со патниците се царини, царинарницата постапува според прописите за постапката со стоките што патниците ги носат со себе.

Член 35

Царинската постапка со багажот што не пристигнал со патникот е итна.

### III. Царински надзор над делови од воздухоплов

Член 36

На домашно воздухопловно пристаниште можат, во соодветни простории, да се сместуваат под царински надзор странски делови за поправка и одржување на воздухоплови (во натамошниот текст: стокови).

По барање на организацијата на здружен труд што држи стокови, царинарницата со решение утврдува дека просториите што се наменети за стокови им одговараат на условите за спроведување на мерките на царинскиот надзор.

Евиденција за деловите за воздухоплов што се наоѓаат во стокови на домашно воздухопловно пристаниште води организацијата на здружен труд што врши јавен превоз во воздушниот сообраќај.

Евиденцијата од став 3 на овој член мора да содржи особено податоци за видот и количината на деловите за воздухоплов и датум на сместувањето и за издавањето на делови за воздухоплов и мора да се води точно и ажурно.

Член 37

Деловите за воздухоплов што се сместени во стокови можат да се користат за поправка на домашни и странски воздухоплови на домашно воздухопловно пристаниште („пулски заеми") и за упатување во странство заради поправка на домашни и странски воздухоплови на странско воздухопловно пристаниште.

Капетанот на домашен воздухоплов може на странско воздухопловно пристаниште да земе на послуга дел за замена или резервен дел за воздухопловот. Под истите услови, капетанот на странски воздухоплов може на домашно воздухопловно пристаниште да земе на послуга дел за замена или резервен дел за воздухопловот.

Домашна организација на здружен труд што врши јавен превоз во воздушниот сообраќај може, на домашно воздухопловно пристаниште, од страна на вздухопловната организација да прима на послуга дел за замена или резервен дел за воздухопловот.

Член 38

Ако делови за воздухопловот се позајмуваат во смисла на член 37 од овој правилник капетанот на воздухопловот или овластено лице ѝ поднесува на царинарницата извештај на Образецот бр. 2 — Извештај за земањето делови на заем меѓу компании.

Извештајот за земање делови на заем меѓу компании е отпечатен кон овој правилник и претставува негов составен дел.

Извештајот од став 2 на овој член се поднесува најмалку во три примероци што царинарницата ги заверува. Еден примерок од тој извештај задржува царинарницата, а другите примероци му ги враќа на подносителот.

Царинарницата ги одлага копиите на извештајот од став 2 на овој [illegible] нова на тие извештаи и на евиденцијата што ја води организацијата на здружен труд што врши јавен превоз во воздушниот сообраќај, ги спроведува мерките на царински надзор и ја контролира состојбата на деловите за поправка и одржување на воздухоплови во стоковите, заемите и враќањето на деловите за воздухоплов.

Член 39

По исклучок од одредбите на член 38 од овој правилник, кај заемите на делови за воздухоплов со широк труп, се користи посебен образец на извештајот во согласност со обврските на земјите членки на „KSSU".

Преземањето на пратки на позајмени делови за воздухоплов со широк труп од возарот се врши во присуство на царински работник и на претставник на домашната организација на здружен труд што врши јавен превоз во воздушниот сообраќај по правило кај воздухопловот. Преземањето на пратките се врши врз основа на примерок од телексот што претставува составен дел на извештајот од став 1 на овој член. По срамнувањето на сотојбата на деловите со податоците во извештајот и во телексот, царинскиот работник на манифестот го заверува преземањето на делови и задржува еден примерок од телексот, а другите два примерока му ги предава на претставникот на домашната организација на здружен труд што врши јавен превоз во воздушниот сообраќај. Организацијата на здружен труд, врз основа на податоците од телексот, води евиденција за деловите на воздухопловот и за датумот на сместувањето и издавањето на деловите. При враќањето на позајмени делови, односно упатување на делови што се позајмуваат, податоците за деловите од примероците на телексот што ги придружуваат деловите се запишуваат во манифестот.

Член 40

Ако домашен воздухоплов се упатува во странство заради редовен преглед и ревизија и привремено се извезуваат делови на воздухопловот за замена во странство, се спроведува царинската постапка пропишана за привремен извоз на стоки.

### IV. Завршни одредби

Член 41

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за царинскиот надзор и за постапката во меѓународниот воздушен сообраќај („Службен лист на СФРЈ", бр. 71/80).

Член 42

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. Д-9518
31 декември 1982 година
Белград

Директор
на Сојузната управа
за царини,
**Звонко Пошќиќ**, с. р.

Образец бр. 1


(Назив на возарот)
БАГАЖ ПОД НАДЗОР НА
ЦАРИНАТА
СФРЈ
БРОЈ НА КОНТРОЛНИКОТ НА УПАТНАТА ЦАРИНАРНИЦА

Образец бр 2

| ИЗВЕШТАЈ<br>ЗА ЗЕМАЊЕТО ДЕЛОВИ НА ЗАЕМ ПОМЕЃУ КОМПАНИИ | | Број 9251 | |
|---|---|---|---|
| Аеродром | | ДЕЛ-МАТЕРИЈАЛ | |
| Ознака на авионот | | Земен на заем исправен | Неисправен симнат |
| Компанија што дава дел | Делот се наоѓа: | Вграден во авион ☐<br>Како резерва во авионот ☐ | Останал на аеродромот ☐<br>Се враќа со истиот авион ☐ |
| | Назив | | |
| Компанија што зема дел | Сериски број S/N | | |
| | Парт. број P/N | | |
| Датум на земањето на делот и заверка на царината | Забелешка: | | |
| Датум на враќањето на делот и заверка на царината | Потпис на членот на екипажот: | | |

**186.**

Врз основа на член 40 од Законот за мерните единици и мерилата („Службен лист на СФРЈ", бр. 13/76 и 74/80), директорот на Сојузниот завод за мери и скапоцени метали пропишува

# ПРАВИЛНИК

## ЗА МЕТРОЛОШКИТЕ УСЛОВИ ЗА ИНСТРУМЕНТИ ЗА МЕРЕЊЕ НА ОТПОРНОСТА НА ЗАЗЕМЈУВАЊЕТО, ЧИЈА РАБОТА СЕ ЗАСНОВА ВРЗ МЕТОДАТА ЗА МЕРЕЊЕ НА НАПОНОТ И СТРУЈАТА (U-I МЕТОДА) И ЗА ВИСОКОФРЕКВЕНТНИ ИНСТРУМЕНТИ ЗА МЕРЕЊЕ НА ОТПОРНОСТА НА ЗАЗЕМЈУВАЊЕТО

### I. Општи одредби

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат метролошките услови што мораат да ги исполнуваат инструментите за мерење на отпорноста на заземјувањето, чија работа се заснова врз методите за мерење на напонот и струјата (U-I метода) и високофреквентните инструменти за мерење на отпорноста на заземјувањето (во натамошниот текст: инструментите).

Метролошките услови од став 1 на овој член се означуваат скратено со ознаката MUS.E-7/2.

Член 2

Инструментите можат да се напојуваат од електрична мрежа или од сопствен извор.

Член 3

Долунаведените изрази, во смисла на овој правилник, ги имаат следните значења:

1) отпорност на распростирањето на заземјувачот е отпорност на земјата помеѓу заземјувачот и референтната земја;

2) референтна земја е дел од земјата кој од припаѓачкиот заземјувач е толку оддалечен што помеѓу избрани точки на тој дел не се појавуваат значителни потенцијални разлики;

3) отпорност на заземјувањето е збир на отпорноста на распростирањето и отпорноста на земјоводот;

4) заземјувач е спроводник кој се поставува во земјата и со неа стои во спроводна врска, или спроводник кој се поставува во бетон што со земјата е во добра спроводна врска;

5) помошен заземјувач е дополнителен заземјувач, според точка 4 од овој член, преку кој се воспоставува потребна мерна струја;

6) сонда е дополнителен заземјувач, според точка 4 од овој член, кој служи за приклучок на потенцијалот на референтната земја;

7) излезен напон е напон кој се јавува на приклучоците за заземјувачот и за помошниот заземјувач на инструментот;

8) струја со краток спој е струја на инструментот која се јавува кога кратко ќе се спојат приклучоците за заземјувачот и за помошниот заземјувач при референтни услови;

9) апсолутна грешка е разлика која се добива кога од измерената вредност на некоја величина ќе се одземе нејзината вистинска вредност, односно вредноста утврдена со соодветни еталони и постапки;

10) договорна вредност е вредност на која се сведуваат грешките на инструментот за да се определи неговата точност. Договорна вредност за инструментите опфатени со овој правилник е мерената вредност, односно вредноста што ја покажува инструментот при мерењето;

11) грешка во проценти на договорната вредност е количник на апсолутната грешка и договорната вредност дефинирана во точка 10 од овој член, помножен со 100;

12) основна грешка е грешка определена на инструментот под референтни услови. Во смисла на овој правилник, основна грешка е грешка изразена во проценти на договорната вредност;

13) варијација е разлика помеѓу две измерени вредности на иста мерена величина, кога една од влијателните величини добива последовно две различни и утврдени вредности;

14) варијација во проценти на договорената вредност е количник на варијациите и на договорната вредност дефинирана во точка 10 од овој член, помножен со 100;

15) употребна грешка е пресметана процентуална грешка во услови на номинална употреба, односно во услови што им одговараат на номиналните опсези на употребата за влијателните величини. Употребната грешка за инструментите опфатени со овој правилник се пресметува со помош на образецот:

$$G_u = G_o + \sqrt{V_1^2 + V_2^2 + V_3^2 + V_4^2 + V_5^2}$$

каде што е:

$G_u$ — употребна грешка, во проценти на договорната вредност;

$G_o$ — основна грешка, во проценти на договорната вредност;

$V_1$ — варијација поради положбата на инструментот, во проценти на договорната вредност;

$V_2$ — варијација поради напонот за напојување, во проценти на договорната вредност;

$V_3$ — варијација поради температурата на околината, во проценти на договорната вредност;

$V_4$ — варијација поради отпорноста на сондата и на помошниот заземјувач, во проценти на договорната вредност;

$V_5$ — варијација поради напонот на пречката, во проценти на договорната вредност.

### II. Мерно-технички особини

Член 4

Излезниот напон на инструментот мора да биде наизменичен.

Фреквенцијата на излезниот напон на инструментот со сопствен извор на напон, мора да отстапува од номиналната фреквенција на постројката што се испитува, односно од можните напони на пречките, или од нивните целобројни содржатели најмалку 5 Hz и мора да се наоѓа во опсег од 70 Hz до 140 Hz.

Фреквенцијата на излезниот напон на високофреквентните инструменти мора да биде во опсег од 10 kHz до 100 kHz.

Член 5

Во согласност со одредбите од член 4 на овој правилник, мораат да се земат предвид напоните на пречките кои потекнуваат од постројка на еднонасочна струја, односно на наизменична струја со номинални фреквенции од $16^2/3$ Hz, 50 Hz и 60 Hz.

Ако врз покажувањето на инструментот влијаат напоните на пречките од став 1 на овој член, тогаш производителот мора да го назначи нивното влијание врз инструментот и во упатството за употреба на инструментот.

Член 6

Инструментите што се напојуваат од батерија мораат да имаат соодветна направа со која може да се установи состојбата на батеријата при која инструментот ги исполнува условите од овој правилник во поглед на грешките. Притоа батеријата мора да се оптовари најмалку со онаа моќност која се јавува при мерењето.

Член 7

Референтни услови на инструментот, ако не е наведено поинаку, се:

1) номинален напон за напојување;

2) хоризонтална положба на површината на скалата на инструментот;

3) температура на околината 23°C ± 2°C;

4) отпорност на сондата и на помошниот заземјувач 0Ω;

5) отсуство на напон на пречките.

Член 8

Границите на номиналните опсези на употребата за влијателните величини пропишани со овој правилник, ако производителот не навел поинаку, се:

1) 0°C и 30°C за температурата на околината;

2) која и да е положба на инструментот;

3) отпорност на сондата и отпорност на помошниот заземјувач — според следната табела:

| | Отпорност на помошниот заземјувач | Отопрност на сондата |
|---|---|---|
| Инструмент напојуван од мрежа | 0. . . .20 $R_z \leq 20$ Ω | 0. . . . .100 $R_z \leq 2$ kΩ |
| Инструмент со сопствен извор на напон | 0. . . .20 $R_z \leq 50$ kΩ | 0. . . . .100 $R_z \leq 50$ kΩ |
| Високофреквентни инструменти | 0. . . .2 kΩ | 0. . . . .2 kΩ |

Забелешка: $R_z$ — отпорност на заземјувањето во Ω

4) напон на пречките $U_s = 0,1\ U_m$ када што е $U_m$ напон помеѓу заземјувачот и сондата кој се јавува при мерењето;

5) долна и горна граница на напонот за напојување на инструментот од сопствен извор што ги означил производителот;

6) номинален напон на мрежата ±10% од тој напон при напојување на инструментот од мрежата;

7) долна и горна граница на брзината на обрнувањето на генератор раздвижуван со рака, што ги означил производителот за инструментите со таков генератор.

Член 9

Употребната грешка на инструментот, дефинирана со точка 15 од член 3 на овој правилник, за мерниот опсег или опсези што ги дал производителот и за номиналните опсези на употребата пропишани со член 8 од овој правилник, мора да биде во границите ±30%.

## III. Натписи и ознаки

Член 10

Натписите и ознаките на инструментот мораат да бидат напишани на еден од јазиците и писмата на народите односно народностите на Југославија.

Натписите и ознаките мораат да се наоѓаат на видно место на инструментот и мораат да бидат јасни, добро видливи во работни услови и напишани така што да не можат да се избришат или симнат.

На инструментот мораат да се наоѓаат следните натписи и ознаки:

1) фирма, односно назив или знак на производителот;

2) ознака на типот;

3) сериски број;

4) мерна фреквенција;

5) единица на мерната величина;

6) мерен опсег во кој инструментот ги исполнува условите во поглед на грешките пропишани со овој правилник;

7) предупредување во согласност со став 2 од член 5 на овој правилник;

8) ознаки на стегалките, и тоа така што инструментот да може да се употреби за мерење без грешки во спојувањето, на што мора да се предупреди и во упатството за употреба;

9) долна и горна граница на напонот за напојување во рамките на кои инструментот ги исполнува условите во поглед на грешките пропишани со овој правилник;

10) напон, струја и време на полнење на батеријата, на инструментите со батерија која се полни;

11) вид и напон на батеријата, на инструментите со батерија која се менува;

12) напон и фреквенција на мрежата, на инструментите со приклучок на надворешната мрежа;

13) долна и горна граница на брзината на обрнување на генератор раздвижуван со рака, на инструментите со таков генератор;

14) службена ознака на Сојузниот завод за мери и скапоцени метали, ако инструментите се типски испитани.

Член 11

При типското испитување според метролошките услови пропишани со овој правилник, во упатството за употреба на инструментот мора да се наведе следното:

1) принципска шема на инструментот;

2) мерна шема;

3) граници на употребната грешка, граници на основната грешка и граници на варијациите, со тоа што границите на употребната грешка мораат да бидат во границите на оваа грешка утврдени во член 9 од овој правилник;

4) упатство за мерење со објаснение за:

а) можните постапки за мерење со инструментот;

б) исправно приклучување на инструментот и поставување на сондата, на помошниот заземјувач и на приклучните спроводници;

в) намалувањето на точноста на инструментот при големи и недозволени вредности на отпорноста на сондата и на помошниот заземјувач;

г) влијанието на напонот на пречките и за можностите за утврдување на напонот на пречките;

5) дијаграм, табела или друг вид објаснение од кое се гледа во кој мерен опсег можат да се мерат одделни вредности на отпорноста на заземјувањето, а грешките на тие мерења, земајќи ги предвид дозволените грешки на инструментот, да не ги надминат границите што се бараат за тоа мерење;

6) упатство за намалување на грешките.

За инструментите со батерија која може да се полни треба да се наведе напонот, струјата и времето на полнење.

**IV. Завршна одредба**

Член 12

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 0212-11483
25 јануари 1983 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за
мери и скапоцени
метали,
**Милисав Воичиќ**, с. р.

**187.**

Врз основа на член 19 став 1 точка 3 од Законот за Фондот на федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини („Службен лист на СФРЈ", бр. 33/76 и 72/81) и член 10 во врска со член 17а од Законот за постојаните средства на Фондот на федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини во периодот од 1981 до 1985 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 74/80, 42/82 и 74/82), Собранието на Фондот на федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини, на VI седница одржана на 28 февруари 1983 година донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА И МЕСЕЧНАТА АКОНТАЦИЈА НА ПОСТОЈАНИТЕ СРЕДСТВА НА ФОНДОТ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ЗА КРЕДИТИРАЊЕ НА ПОБРЗИОТ РАЗВОЈ НА СТОПАНСКИ НЕДОВОЛНО РАЗВИЕНИТЕ РЕПУБЛИКИ И АВТОНОМНИ ПОКРАИНИ ЗА 1982 ГОДИНА

1. Во Одлуката за утврдување на годишната и месечната аконтација на постојаните средства на Фондот на федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини за 1982 година („Службен лист на СФРЈ", број 31/82), точка 1 се менува и гласи:

„Се утврдуваат следните износи на годишната аконтација на постојаните средства на Фондот на федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини:

— во илјади динари —

| | Годишна аконтација на постојаните средства на Фондот | | |
|---|---|---|---|
| Републики односно автономни покраини | според член 2 од Законот за постојаните средства на Фондот на федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини во периодот од 1981 до 1985 година (1,83% од општествениот производ) | според член 17а од Законот за постојаните средства на Фондот на федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини во периодот од 1981 до 1985 година (0,03% од општествениот производ) | Вкупно: |
| СР Босна и Херцеговина | 5.578,3 | 91,4 | 5.669,7 |
| СР Македонија | 2.347,9 | 38.5 | 2.386,4 |
| СР Словенија | 6.936,5 | 113,7 | 7.050,2 |
| СР Србија надвор од териториите на социјалистичките автономни покраини | 11.289,4 | 185,1 | 11.474,5 |
| СР Хрватска | 11.847,6 | 194,2 | 973,2 |
| СР Црна Гора | 957,5 | 15,7 | 12.041,8 |
| САП Војводина | 4.423,1 | 72,5 | 4.495,6 |
| САП Косово | 926,4 | 15,2 | 941,6 |
| Вкупно | 44.306,7 | 726.3 | 45.033,0" |

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

03-Бр. 64/7-83
28 февруари 1983 година
Белград

**Собрание на Фондот на федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини**

Директор на Фондот,
**Климе Чорбе**, с. р.

Претседател,
**Мустафа Пљакиќ**, с. р.

188.

Врз основа на член 2 став 2 од Законот за одлагање на враќањето на ануитетите по кредитите дадени на организациите на здружен труд од територијата на Социјалистичка Автономна Покраина Косово од средствата на Фондот на федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини („Службен лист на СФРЈ“, бр. 42/82 и 77/82), Собранието на Фондот на федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини, на VI седница од 28 февруари 1985 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ИЗНОСОТ НА БЕСКАМАТНИОТ ЗАЕМ ШТО РЕПУБЛИКИТЕ И АВТОНОМНИТЕ ПОКРАИНИ ЌЕ ГО ОБЕЗБЕДАТ И ДОЗНАЧАТ ВО ФОНДОТ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ЗА КРЕДИТИРАЊЕ НА ПОБРЗИОТ РАЗВОЈ НА СТОПАНСКИ НЕДОВОЛНО РАЗВИЕНИТЕ РЕПУБЛИКИ И АВТОНОМНИ ПОКРАИНИ ВО 1983 ГОДИНА

1. Средствата на бескаматниот заем на Фондот на федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини (во натамошниот текст: Фондот) што ги обезбедуваат републиките и автономните покраини во согласност со член 2 став 1 од Законот за одлагање на враќањето на ануитетите по кредитите дадени на организациите на здружен труд од територијата на Социјалистичка Автономна Покраина Косово од средствата на Фондот на федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини (во натамошниот текст: Законот) за 1983 година се утврдуваат во износ од 2.352.793.000 динари.

2. Износот на средствата од точка 1 на оваа одлука ќе го обезбедат:

| | Динари |
|---|---|
| СР Босна и Херцеговина | 293,628.566 |
| СР Македонија | 135,756.156 |
| СР Словенија | 412,209.334 |
| СР Србија надвор од териториите на социјалистичките автономни покраини | 538,789.597 |
| СР Хрватска | 642,312.489 |
| СР Црна Гора | 41.644.436 |
| САП Војводина | 244,219.913 |
| САП Косово | 44,232.509 |
| Вкупно: | 2.352,793.000 |

3. Средствата од точка 1 на оваа одлука, согласно со член 1 став 1 од Законот, втасуваат на 1 јануари 1983 година.

4. Согласно со член 2 став 4 од Законот, ако републиката односно автономната покраина не го обезбеди бескаматниот заем во Фондот до денот на втасаноста на купоните исплатата на купонот со ред. број 1 од обврзниците на Фондот на федерацијата по заемот за 1979 година им се одлага на имателите на обврзници од територијата на таа република односно автономна покраина се додека републиката односно автономната покраина не го обезбеди износот на бескаматниот заем утврден со оваа одлука, а најдоцна до рокот на одлагањето на ануитетите, до крајот на 1985 година.

5. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

03 бр. 64/9-83
28 февруари 1983 година
Белград

**Собрание на Фондот на федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини**

Претседател,
**Мустафа Пљакиќ**, с. р.

189.

Врз основа на член 4 од Договорот за обезбедување средства за премостување на разликите настанати поради различните услови за запишување заеми и за пласман на средствата на Фондот на федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини („Службен лист на СФРЈ“, бр. 77/82), Собранието на Фондот на федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини, на VI седница од 28 февруари 1983 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСОЧИНАТА НА СРЕДСТВАТА ЗА ПРЕМОСТУВАЊЕ НА РАЗЛИКИТЕ НАСТАНАТИ ПОРАДИ РАЗЛИЧНИТЕ УСЛОВИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ ЗАЕМИ И ЗА ПЛАСМАН НА СРЕДСТВАТА НА ФОНДОТ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ЗА КРЕДИТИРАЊЕ НА ПОБРЗИОТ РАЗВОЈ НА СТОПАНСКИ НЕДОВОЛНО РАЗВИЕНИТЕ РЕПУБЛИКИ И АВТОНОМНИ ПОКРАИНИ ШТО ВТАСУВААТ ВО 1983 ГОДИНА

1.Средствата за премостување на разликите настанати поради различните услови за запишување заеми и за пласман на средствата на Фондот на федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини (во натамошниот текст: Фондот на федерацијата) за 1983 година се утврдува во износ од 760.117.167 динари.

2. Износот на средствата од точка 1 на оваа одлука ќе го обезбедат, и тоа:

| | Динари |
|---|---|
| СР Босна и Херцеговина | 94.862.622 |
| СР Македонија | 43.858.761 |
| СР Словенија | 133,172.528 |
| СР Србија надвор од териториите на социјалистичките автономни покраини | 174,066.830 |
| СР Хрватска | 207,511.987 |
| СР Црна Гора | 13,454.074 |
| САП Војводина | 78,900.162 |
| САП Косово | 14,290.203 |
| Вкупно: | 760,117.167 |

3. Средствата од точка 1 на оваа одлука, согласно со член 3 став 2 од Договорот за обезбедување средства за премостување на разликите настанати поради различните услови за запишување заеми и за пласман на средствата на Фондот на федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини (во натамошниот текст: Договорот), републиките и автономните покраини ќе ги обезбедат во дванаесет еднакви месечни рати и ќе ги уплатат на сметката на Фондот на федерацијата до крајот на месецот за секој месец.

4. Согласно со член 5 од Договорот, Фондот на федерацијата ќе им издаде потврда на републиките и автономните покраини на износот на годишно уплатените средства за премостување на разликите настанати поради различните услови за запишување заеми и за пласман на средствата на Фондот на федерацијата.

Средствата од точка 2 на оваа одлука ќе се вратат во годините во кои отплатите на заемот од страна на недоволно развиените републики и автономни покраини ќе бидат поголеми од обврските на Фондот на федерацијата спрема уплатувачите на заемот, а сразмерно со обезбедените средства за премостување на тие разлики.

5. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

03 Бр. 64/10-83
28 февруари 1983 година
Белград

**Собрание на Фондот на федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини**

Претседател,
**Мустафа Пљакиќ**, с. р.

**190.**

Врз основа на член 19 став 1 точка 3 од Законот за Фондот на федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини („Службен лист на СФРЈ", бр. 33/76 и 72/81) и член 10, а во врска со член 17 од Законот за постојаните средства на Фондот на федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини во периодот од 1981 до 1985 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 74/80, 42/82 и 74/82), Собранието на Фондот на федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини, на VI седница одржана на 28 февруари 1983 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА И МЕСЕЧНАТА АКОНТАЦИЈА НА ПОСТОЈАНИТЕ СРЕДСТВА НА ФОНДОТ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ЗА КРЕДИТИРАЊЕ НА ПОБРЗИОТ РАЗВОЈ НА СТОПАНСКИ НЕДОВОЛНО РАЗВИЕНИТЕ РЕПУБЛИКИ И АВТОНОМНИ ПОКРАИНИ ЗА 1983 ГОДИНА

1. Се утврдуваат следните износи на годишната и месечната аконтација на постојаните средства на Фондот на федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини (во натамошниот текст: Фондот):

— во милиони динари —

| Републики односно автономни покраини | Годишна аконтација на постојаните средства на Фондот | Средства по основ на задолжителниот заем (50%) — годишна обврска | Средства по основ на задолжителниот заем (50%) — месечна обврска |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| СР Босна и Херцеговина | 7.153,6 | 3.576,8 | 298,1 |
| СР Македонија | 3.247,6 | 1.623,8 | 135,3 |
| СР Словенија | 9.021,9 | 4.510,9 | 375,9 |
| СР Србија надвор од териториите на социјалистичките автономни покраини | 13.612,8 | 6.806,4 | 567,2 |
| СР Хрватска | 15.046,3 | 7.523,2 | 626,9 |
| СР Црна Гора | 1.253,6 | 626,8 | 52,2 |
| САП Војводина | 6.045,0 | 3.022,5 | 251,9 |
| САП Косово | 1.230,9 | 615,4 | 51,3 |
| Вкупно: | 56.611,7 | 28.305,8 | 2.358,8 |

2. Согласно со член 1 од Законот за постојаните средства на Фондот на федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини во периодот од 1981 до 1985 година (во натамошниот текст: Законот), средствата од точка 1 на оваа одлука се формираат:

1) 50% по основ на самоуправно здружување на трудот и средствата на организациите на здружен труд врз доходовни основи и врз основа на заеднички интереси;

2) 50% по основ на задолжителниот заем што го уплатуваат организациите на здружен труд што се занимаваат со стопанска дејност (во натамошниот текст: организациите на здружен труд).

Делот од постојаните средства по основ на самоуправно здружување на трудот и средствата може со договор на одделни републики и автономни покраини да се оствари и над утврдениот процент, со тоа што делот по основ на задолжителниот заем ќе се намали за соодветен износ.

Согласно со член 5 од Законот, ако во текот на годината не се склучат самоуправни спогодби за здружување на трудот и средствата во износ на обврските утврдени во точка 2 став 1 одредба под 1 од оваа одлука, републиката односно автономната покраина е должна разликата да ја уплати во Фондот во вид на задолжителен заем до крајот на годината.

